Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

# АНАЛИЗА НА ПАЗАРОТ
# НА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
# ЗА 2023 ГОДИНА

јуни, 2024 година

## СОДРЖИНА:

ВОВЕД ........................................................ 4
РЕЗИМЕ ........................................................ 6
МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА ........................................................ 11
ТЕРЕСТРИЈАЛНИ ТЕЛЕВИЗИИ НА ДРЖАВНО НИВО ........................................................ 18
ТЕЛЕВИЗИИ НА ДРЖАВНО НИВО ПРЕКУ НЕОГРАНИЧЕН РЕСУРС ........................................................ 26
ТЕЛЕВИЗИИ НА РЕГИОНАЛНО НИВО ........................................................ 34
ТЕЛЕВИЗИИ НА ЛОКАЛНО НИВО ........................................................ 41
РАДИОСТАНИЦИ НА ДРЖАВНО НИВО ........................................................ 48
РАДИОСТАНИЦИ НА РЕГИОНАЛНО НИВО ........................................................ 53
РАДИОСТАНИЦИ НА ЛОКАЛНО НИВО ........................................................ 59

ПРЕГЛЕД НА ТАБЕЛИ ........................................................ 66
ПРЕГЛЕД НА СЛИКИ ........................................................ 67

# ВОВЕД

Анализата на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година се однесува на економските аспекти на работењето на јавниот радиодифузен сервис и комерцијалните радиодифузери во 2023 година.

Врз основа на податоците коишто радиодифузерите ги доставија во Агенцијата во рамки на нивната законска обврска за обезбедување јавност во работењето, податоците од нивните завршни сметки, како и Финансискиот извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП Македонска радиотелевизија за 2023 година, засебно се анализирани податоците за МРТ, за комерцијалните телевизии и за радијата. Податоците содржани во оваа анализа се однесуваат на: вкупните приходи коишто биле остварени во анализираната година и нивната структура (реклами, спонзорства, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и сл.), вкупните трошоци и структурата на трошоците, финансискиот резултат кој го оствариле на крајот од годината и просечниот број на вработени во редовен работен однос. Опфатени се јавниот радиодифузен сервис и вкупно 98 радиодифузери, од кои  40 телевизии и 58 радиостаници. За да се добијат сеопфатни сознанија за состојбата на аудио и аудиовизуелниот пазар, во Анализата се прикажани економските перформанси на радиодифузерите во периодот од 2018 до 2023 година, а со цел да се овозможи увид во трендовите на пазарот во овие шест години.

# РЕЗИМЕ

Табела 1: Клучни наоди

| | Вкупни приходи | Приходи од реклами | Вкупни трошоци | Резултат од работењето | Просечен број на вработени |
|---|---|---|---|---|---|
| | во милиони денари | | | | |
| **Македонска радио телевизија** | **1,000.44** | **12,28** | **1,132.21** | **-131,77** | **661** |
| | | | | | |
| **Комерцијални телевизии** | **1,272.63** | **1,079.90** | **1,400.42** | **-139.55** | **924** |
| | | | | | |
| ТВ на државно ниво-терестријални | 1,106.93 | 955,29 | 1.103,40 | -7.81 | 588 |
| ТВ на државно ниво преку неограничен ресурс | 92.43 | 81.06 | 204.86 | -112.60 | 211 |
| ТВ на регионално ниво | 58.17 | 31.17 | 72.09 | -14.12 | 79 |
| ТВ на локално ниво | 15.10 | 12.38 | 20.08 | -5.02 | 46 |
| | | | | | |
| **Комерцијални радиостаници** | **185.50** | **144.01** | **175.58** | **10.15** | **189** |
| РА на државно ниво | 86.50 | 65.38 | 76.50 | 8.86 | 57 |
| РА на регионално ниво | 57.70 | 46.95 | 55.75 | 1.00 | 62 |
| РА на локално ниво | 41.30 | 31.68 | 43.33 | 0.29 | 70 |
| **Вкупно** | **2,458.57** | **1,236.19** | **2,708.21** | **-261.17** | **1.774** |

## Вкупни приходи во индустријата

Во 2023 година, јавниот радиодифузен сервис и комерцијалните радиодифузери заедно оствариле приходи во износ од 2.458,57 милиони денари, од кои 1,000.44 се приходите на Македонската радиотелевизија, 1,272.63 на телевизиите и 185.50 радиостаниците.

Слика 1: Вкупни приходи во индустријата



МРТ има пад на вкупните приходи во однос на 2022 година за 9%, додека приходите на комерцијалните телевизии и на комерцијалните радиостаници пораснале за 3%, односно за 8%.

Половина од вкупните приходи во индустријата биле остварени од рекламирање (50,28%), а 39,47% се средствата од државниот буџет префрлени на сметката на Македонската радиотелевизија. Останатите 10,25% од вкупните приходи биле остварени по други основи.

Слика 2: Движење на вкупните приходи на јавниот сервис и на комерцијалните радиодифузери во последните шест години




Од вкупно 40 комерцијални телевизии, повисоки приходи отколку во претходната година оствариле 21 (три на државно ниво, седум регионални и 11 локални телевизии), а од вкупно 58 радиостаници, повисоки приходи оствариле 37 (четирите радиостаници на државно ниво, шест регионални и 27 локални радиостаници).

Дел од приходите на комерцијалните радиодифузери и на непрофитните радиостаници е и финансиската помош што во анализираната година им ја додели Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а која се состоеше во намалување на надоместокот за дозволата во висина од 25% од износот што требаше да го платат, во вкупен износ од 10,07 милиони денари.

Половина од вкупните приходи (1,236.19 милиони денари) биле остварени од продажба на времето за рекламирање. Од нив, 12,28 милиони денари остварила Македонската радиотелевизија, 144,01 милион денари комерцијалните радиостаници и 1.079,90 милиони денари успеале заедно да остварат комерцијалните телевизии. Споредено со претходната година, овие приходи незначително се зголемиле – само 2%.

Слика 3: Движење на приходите од реклами на јавниот сервис и на комерцијалните радиодифузери во последните шест години




## Вкупни трошоци во индустријата

Средствата кои во 2023 година заедно ги потрошиле јавниот радиодифузен сервис и комерцијалните радиодифузери изнесувале 2.708,21 милион денари. Од овие, 42% биле трошоците на МРТ, 52% на телевизиите и 6% на радијата.

Во периодот од 2018 до 2023 година, повеќе средства отколку во 2023 година МРТ потрошила само во 2019 година, а комерцијалните телевизии во 2018 и во 2021 година. Радијата пак, највисоки трошоци направиле токму во анализираната 2023 година. Средствата наменети за плати и надоместоци за вработените имале најголем удел во структурата на трошоците и кај јавниот и кај приватниот сектор. Македонската радиотелевизија за оваа намена потрошила 46% од вкупните трошоци кои ги направила, исто толку (46%) потрошиле и радиостаниците, а кај телевизиите за плати биле потрошени 40% нивните вкупни трошоци.

Слика 4: Движење на вкупните трошоци на јавниот сервис и на комерцијалните радиодифузери во последните шест години




## Финансиски резултат и број на вработени

Добивка во 2023 година оствариле заедно само комерцијалните радија, и тоа износ од 10,15 милиони денари. Македонската радиотелевизија и комерцијалните телевизии работеле со загуба од 131,77 милиони денари, односно 139,55 милиони денари. Овој финансиски резултат кој го оствариле комерцијалните телевизии е најлош во периодот од 2018 година до сега.

Загубата на целата индустрија во однос на претходната година е за три и пол пати поголема.

Табела 2: Финансиски резултат од работењето во последните шест години

| | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| МРТ | -26.02 | -527.15 | 74.47 | -6.74 | 35.04 | -131.77 |
| Комерцијални ТВ | -69.48 | -7.64 | -109.92 | 50.69 | -107.94 | -139.55 |
| Комерцијални РА | -1.41 | -0.01 | 0.77 | 12.56 | -0.61 | 10.15 |

Просечниот број на вработени во редовен работен однос изнесувал 1,774 лица. Од нив, 661 лице работеле во јавниот сервис (20 лица помалку отколку во 2022 година), 924 лица во телевизиите (16 лица помалку отколку во 2022 година) и 189 во радиостаниците (19 лица повеќе отколку во 2022 година).

## Број на радиодифузери

Вкупниот број на радиодифузери кои на почетокот од 2023 година имаа дозвола да емитуваат телевизиска или радиопрограма изнесуваше 107, од кои 43 телевизии и 64 радиостаници. Во текот на годината престанаа да важат дозволите на шест радиодифузери. Телевизиите Кисс&Менада и Здравкин, и радиостаницата Скај радио Плус се откажаа од дозволите, додека дозволите на ТВ Ирис, ТВ Полог и на РА Универзум (на коешто дозволата му беше доделена истата година) им беа одземени од страна на Агенцијата. Во 2023 година Агенцијата додели една дозвола за телевизиско емитување на регионално ниво (на ТВ Вистел). Вкупниот број на радиодифузери на крајот од годината изнесувал 103 – 40 телевизии и 63 радија.

# МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА

Во јули 2023 година беа направени измени и дополнувања на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со кои беа направени неколку важни измени во однос на финансирањето на Македонската радиотелевизија и на другите две институции чие работење се финансира од средствата за финансирање на радиодифузната дејност - јавното претпријатие Македонска радиодифузија (МРД) и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Со измените се предвиде дека средствата за финансирање на овие три институции ќе се издвојуваат од реализираните даночни приходи утврдени во последната донесена завршна сметка на Буџетот на РС Македонија, наместо како дотогаш, од реализираните вкупни приходи во годината која претходи на фискалната година за која се утврдува износот. Беа направени и измени во однос на распределбата на овие средства помеѓу трите инстутуции, односно: за покривање на трошоците за создавање и емитување на програмите и за техничко-технолошки развој на МРТ, наместо 74,5% од средствата за финансирање на радиодифузната дејност ќе се издвојуваат 80%, за одржување, употреба и развој на јавната радиодифузна мрежа на МРД ќе се издвојуваат 15% наместо 19,5%, а за медиумскиот регулатор наместо 6% ќе се издвојуваат 5%. Со овие измени беше избришана и преодната одредба од измените на ЗААВМУ од 2018 година, според која *„...процентите... ќе се реализираат доколку со тоа не се нарушува праведната распределба на буџетските средства и не влијаат врз средствата планирани за сите буџетски расходни ставки“*. Користејќи ја оваа одредба, Владата секоја година на МРТ и на другите две институции им префрлуваше помалку средства отколку што со законот беше предвидено.

Агенцијата во повеќе наврати укажуваше дека необезбедувањето на стабилен и предвидлив извор на финансирање на јавниот радиодифузен сервис, кој ќе му овозможи целосно да ги исполнувува функциите што му се доделени со законот, претставува сериозен проблем. Ваквата состојба беше нотирана и во сите извештаи за напредокот на Македонија на Европската комисија. Во последниот Извештај[1], кој се однесува за 2023 година, посочено е дека „*И покрај Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од 2021 година, во 2022 година органите уште еднаш ги искористија дискреционите*

---

[1] Европска комисија, „Извештај за напредокот на РС Македонија за 2023 година“, достапен на: SWD_2023_693 North Macedonia report_F_MK2 (002).docx (live.com)

*овластувања дадени со закон за да го намалат финансирањето на радиодифузниот сектор. Буџетските флуктуации создаваат несигурност во планирањето. Органите треба да обезбедат доволно и стабилно финансирање за јавниот радиодифузен сервис“.*

Табела 3: Финансирање на МРТ од 2017 до 2023 година

| **законски одредби** | **од септември 2017 година** | **од декември 2018 година** | **од јули 2023 година** |
|---|---|---|---|
| **основа за пресметување** | (член 135)<br>буџет на РС Македонија | (член 105)<br>реализирани вкупни приходи во годината која претходи на фискалната година за која се утврдува износот | (член 105)<br>реализирани даночни приходи утврдени во последната донесена завршна сметка на Буџетот на РС Македонија |
| **износ** | (член 135)<br>0,5% | (член 105)<br>помеѓу 0,8% и 1%<br>(преодна одредба 45)<br>во 2019 – 0,8%<br>во 2020 – 0,9%<br>од 2021 – 1%<br>Процентите од ставот (1) на овој член ќе се реализираат доколку со тоа не се нарушува праведната распределба на буџетските средства и не влијаат врз средствата планирани за сите буџетски расходни ставки. | (член 105)<br>1% |
| **распределба** | (член 140)<br>74,5% - МРТ<br>19,5%-МРД<br>6% - АВМУ | (член 105)<br>74,5% - МРТ<br>19,5%-МРД<br>6% - АВМУ | (член 105)<br>80% - МРТ<br>15%-МРД<br>5% - АВМУ |

Иако со измените на ЗААВМУ од јули 2023 година се очекуваше да се надмине ваквата состојба, Министерството за информатичко општество и администрација продолжи и понатаму да исплатува помалку средства, постапувајќи на тој начин спротивно на законските одредби.

Според „Финансискиот извештај за релизација на Финансискиот план на ЈРП Македонска радиотелевизија за 2023 година“, во периодот од 2018 година заклучно со 2023 година, на јавниот радиодифузен сервис му се исплатени 45,44 милиони евра помалку средства од законски предвидените.

Слика 5: Вкупен износ на предвидени средства за финансирање на МРТ според ЗААВМУ и на исплатени средства во периодот од 2018 заклучно со 2023 година




Откако со измените на ЗААВМУ од 2017 година беше укината обврската за плаќање радиодифузна такса и се предвиде дека МРТ ќе се финансира од државниот буџет, ниту една година Владата на јавниот сервис не му ги префрли законски предвидените средства. Во 2018 година биле префрлени 50,44 милиони денари помалку, во 2019 година 229,49 милиони, во 2020 година 509,88 милиони, во 2021 година 585,23 милиони, во 2022 година 953,76 милиони, а во 2023 година 470,04 милиони денари помалку средства, односно вкупно за овие шест години јавниот сервис добил 2.798,84 милиони денари помалку отколку што било предвидено со ЗААВМУ.

Поради ова, како што е посочено во Финансискиот извештај на јавниот сервис за 2023 година, „*МРТ е доведена во ситуација да се соочи со дефицит заради неисплатените средства согласно закон, што пак доведува до потешкотии во работењето во анализираниот период и до остварување на негативен финансиски резултат*“.

Слика 6: Предвидени средства за финансирање на МРТ според ЗААВМУ и на исплатените средства во периодот од 2018 заклучно со 2023 година




Покрај тоа што исплатените средства ниту една од овие шест години не го достигнале износот на законски предвидените средства, забележлив е уште еден негативен тренд - од година во година износот на исплатените средства се намалувал.

Слика 7: Исплатени средства за финансирање на МРТ од државниот буџет во периодот од 2018 заклучно со 2023 година




На сликата бр. 8 е прикажано движењето на вкупните приходи на МРТ во периодот од 2012 година заклучно со 2023 година. Сосема јасно се гледа трендот на влошување на финансиската состојба на јавниот сервис.

Слика 8: Вкупни приходи на МРТ во периодот од 2018 до 2023 година




Во анализираната година, најголем дел од приходите на МРТ (67%) биле од средствата за финансирање на радиодифузната дејност. За повисок степен на програмски и техничко-технолошки развој Министерството за информатичко општество и администрација на МРТ и префрлило 300 милиони денари (50 милиони денари помалку отколку во претходната година).

Табела 4: Структура на вкупните приходи на МРТ во 2023 година

| | 2023 |
|---|---|
| Средства за финансирање на радиодифузна дејност од Буџетот на РСМ | 670.50 |
| Приходи од МИОА за повисок степен на програмски и техничко-технолошки развој на ЈРП МРТ | 300.00 |
| Закупнини | 0.27 |
| Приходи од услуги во земјата | 2.10 |
| Приходи од услуги во странство (технички и останати услуги и сл.) | 0.07 |
| Останати деловни приходи (приходи од камати, позитивни курсни разлики, отпишани обврски, приходи од минати години) | 14.81 |
| Приходи од наплата по судски одлуки | 0.11 |
| Приход од продажба на рекламно време (маркетинг) | 12.28 |
| Приход од продажба на програма (отстапени права) и реемитување во земјата и странство и приходи од донации | 0.31 |
| **ВКУПНО:** | **1,000.44** |

Од рекламирање МРТ остварила 12,28 милиони денари, што претставува 1,2% од вкупните приходи. Овој вид приход е за три пати помал отколку во претходната година, кога биле остварени вкупно 37,63 милиони денари. Ваквата состојба, како што е посочено во Финансискиот извештај на МРТ, се должи на тоа што вкупниот буџет со кој располага не е

доволен за да се набават актуелни програмски содржини во рамки на чие емитување би се емитувале реклами.

Слика 9: Приходи од рекламирање на МРТ во периодот од 2018 до 2023 година




Овие 12,28 милони денари јавниот сервис ги остварил од продажба на рекламното време во рамки на позначајните спортски настани за кои ги откупил правата за емитување (FIFA Светски куп во фудбал жени, Лига на шмпиони, UEFA Супер куп во фудбал, зимски спортови, ракометни и кошаркарски првенства и други програмски содржини).

Табела 5: Структура на вкупните трошоци на МРТ во периодот од 2018 до 2023 година

| | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Трошоци за вработените | 370.47 | 399.06 | 439.03 | 464.77 | 471.76 | 524.26 |
| Патни и транспортни трошоци | 5.77 | 9.10 | 1.99 | 5.01 | 8.02 | 8.33 |
| Заеднички трошоци | 431.56 | 883.47 | 205.63 | 168.78 | 181.59 | 149.4 |
| Програмски права | 123.47 | 113.56 | 238.43 | 276.52 | 338.91 | 395.45 |
| Останати трошоци од работењето | 39.76 | 50.64 | 52.64 | 70.34 | 64.24 | 54.77 |
| **ВКУПНИ ТРОШОЦИ:** | **971.03** | **1,455.83** | **937.72** | **985.42** | **1,064.52** | **1,132.21** |
| Набавка на опрема | 6.51 | 46.74 | 1.88 | 1.88 | 7.41 | 88.23 |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ:** | **977.54** | **1,502.57** | **939.60** | **987.29** | **1,071.93** | **1,220.44** |

Во категоријата трошоци за вработените, кои претставуваат 46,30% од вкупните трошоци на МРТ, се опфатени трошоците за бруто плати (504,16 милиони денари), трошоците за отпремнина за вработените кои во 2023 година оствариле право на пензија (1,12 милиони денари), регрес за годишен одмор (16,74 милиони денари) и други надоместоци за вработените – јубилејни награди, помош на вработените по разни основи (во случај на смрт, елементарни непогоди и друго) и трошоци за едукација на вработените. Иако на

крајот на годината вкупниот број на вработени во МРТ бил за 20 лица помал отколку во 2022 година, трошоците за бруто плати на вработените се повисоки отколку во претходната година, што се должи на усогласувањето на платите на вработените со минималната плата на ниво на државата од септември 2023 година.

Во 2023 година трошоците за програмски права изнесувале 395,45 милиони денари. Во овој износ се опфатени: трошоците за откуп на права за емитување и пренесување на спортски настани во износ од 82,57 милиони денари, трошоците за откуп на лиценцни права за емитување филмови, серии, детски анимирани серии и документарни емисии во износ од 64,66 милиони денари, трошоците за реализација на копродукциски проекти во износ од 129,46 милиони денари и трошоците за останатите програмски права во износ од 118,26 милиони денари.

Инвестициите во износ од 88,23 милиони денари се однесуваат на извршени градежни работи и реконструкција на телевизиските студија, како и за реализирани набавки на опрема.

Финансискиот резултат од работењето на МРТ во 2023 година бил загуба во износ од 131,77 млиони денари.

На 31.12.2023 година, вкупниот број на вработени во МРТ изнесувал 661 лице, што е за 20 лица помалку отколку во претходната година.

# ТЕРЕСТРИЈАЛНИ ТЕЛЕВИЗИИ НА ДРЖАВНО НИВО

Во 2023 година ТВ Алфа, ТВ Алсат-М, ТВ Канал 5, ТВ Сител и ТВ Телма заеднички оствариле вкупни приходи во износ од 1.106,93 милиони денари, а потрошиле вкупно 1.103,39 милиони денари.

Слика 10: Заеднички вкупни приходи и вкупни трошоци на терестријалните телевизии на државно ниво




Највисоки вкупни приходи остварила ТВ Сител (474,04 милиони денари), а истовремено потрошила и најмногу средства (461,50 милиони денари).

Слика 11: Вкупни приходи и вкупни трошоци на терестријалните телевизии на државно ниво




Најниски се приходите на ТВ Телма во износ од 115,02 милиони денари. Телма е единствената телевизија што потрошила повеќе средства отколку што остварила приходи.

Заедничите вкупни приходи на овие пет телевизии се за 4,46% повисоки отколку во претходната година, но тоа се должи на зголемувањето на приходите на само две телевизии - ТВ Сител за 14,59% и ТВ Алфа за 13,93%. Останатите три телевизии оствариле помалку приходи отколку во претходната година, и тоа ТВ Алсат-М за 2,01%, ТВ Канал 5 за 9,77% и ТВ Телма за 2,73%.

Табела 6: Вкупни приходи на терестријалните телевизии на државно ниво во периодот од 2018 до 2023 година

| | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | индекс 2023/2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Алфа | 141.82 | 132.78 | 119.89 | 155.52 | 122.64 | 139.72 | 13.93% |
| Алсат-М | 156.67 | 159.68 | 141.88 | 185.45 | 162.98 | 159.71 | -2.01% |
| Канал 5 | 188.13 | 225.73 | 225.95 | 276.34 | 242.09 | 218.44 | -9.77% |
| Сител | 432.45 | 480.77 | 360.35 | 448.64 | 413.69 | 474.04 | 14.59% |
| Телма | 144.79 | 121.54 | 119.79 | 134.06 | 118.25 | 115.02 | -2.73% |
| вкупно | 1,063.86 | 1,120.50 | 967.86 | 1,200.01 | 1,059.65 | 1,106.93 | 4.46% |

Во апсолутни вредности, приходите на ТВ Сител се за 60,35 милиони денари повисоки отколку во претходната година, а на ТВ Алфа за 17,08 милиони денари. Вкупните приходи на ТВ Алсат-М се за 3,27 милиони денари пониски отколку во 2022 година, на ТВ Телма за 3,23 милиони денари, а на ТВ Канал 5 за 23,65 милиони денари.

Слика 12: Движење на вкупните приходи на терестријалните телевизии на државно ниво во периодот од 2018 до 2023 година



86,30% од вкупните приходи овие телевизии ги оствариле од продажба на времето за рекламирање. Учеството на приходите од рекламирање во вкупните приходи на секоја телевизија поединечно е највисоко кај ТВ Сител (98,07%). ТВ Канал 5 од рекламирање остварила 93,73%, ТВ Телма 90,47% и ТВ Алсат-М 87,31%. Забележително пониско е учеството на овој вид приходи во вкупните приходи на ТВ Алфа, која од продажба на времето за рекламирање остварила само 30,17% од вкупните приходи. За оваа телевизија најзначаен извор на приходи во анализираната година биле приходите од продажба на содржини, во вкупен износ од 89,09 милиони денари.

Табела 7: Структура на вкупните приходи на терестријалните телевизии на државно ниво

| | износ | учество |
|---|---|---|
| Реклами и телешопинг | 955.29 | 86.30% |
| Спонзорства | 0.00 | 0.00% |
| Продажба на содржини | 89.09 | 8.05% |
| Приходи обезбедени од трети страни | 10.56 | 0.95% |
| Останати приходи | 51.98 | 4.70% |
| **Приходи од основна дејност** | **1,106.92** | **100.00%** |
| Приходи од други дејности | 0.01 | 0.00% |
| Вонредни приходи | 0.00 | 0.00% |
| **Вкупни приходи** | **1,106.93** | **100.00%** |

Вкупните приходи од рекламирање што заеднички ги оствариле овие пет телевизии изнесуваат 955,29 милиони денари. Тоа е за 4,71% повеќе отколку во претходната година, но се уште помалку отколку во предпандемиската 2019 година.

Слика 13: Приходи од рекламирање (без ППР) на терестријалните телевизии на државно ниво во периодот од 2018 до 2023 година



Зголемувањето на заедничките приходи од реклами во однос на претходната година се должи на повисоките приходи што ги оствариле ТВ Сител (за 15,50%, односно за 62,38 милиони денари) и ТВ Алфа (за 14,57%, односно за 5,36 милиони денари).

Слика 14: Приходи од рекламирање (без ППР) на терестријалните телевизии на државно ниво во периодот од 2018 до 2023 година




Останатите три телевизии оствариле помалку приходи од реклами отколку во 2022 година, и тоа ТВ Алсат-М за 1,03% (1,45 милиони денари), ТВ Канал 5 за 10,12% (23,05 милиони денари), а ТВ Телма за 0,28% (0,29 милиони денари).

Слика 15: Учество во приходите од рекламирање



Во анализираната година овие пет телевизии заеднички потрошиле вкупно 1.103,39 милиони денари. Во периодот од 2018 година наваму, само во 2021 година биле направени повисоки трошоци.

Најголем дел од овој износ се трошоците на ТВ Сител во износ од 461,50 милиони денари. ТВ Канал 5 потрошила двапати помалку од ТВ Сител, односно 216,95 млиони денари, а трошоците на останатите три телевизии биле приближно исти – на ТВ Алфа 126,58 милиони денари, на ТВ Алсат-М 157,80 милиони денари и на ТВ Телма 140,56 милиони денари.

Слика 16: Вкупни трошоци на терестријалните телевизии на државно ниво
во периодот од 2018 до 2023 година




Во структурата на заедничките трошоци најголем удел имаат трошоците за плати и други надоместоци за вработените (во вкупен износ од 390,76 милиони денари) и трошоците за набавка на програмски содржини (во вкупен износ од 326,03 милиони денари). Соодносот помеѓу овие две категории на трошоци се разликува кај телевизиите, односно ТВ Сител потрошила повеќе средства за набавка на програма отколку за платите и другите надоместоци за вработените лица, а ТВ Канал 5, ТВ Алфа, ТВ Алсат-М и ТВ Телма обратно.

За набавка на програмски содржини ТВ Сител потрошила 179,82 милиони денари, ТВ Канал 5 - 70,56 милиони денари, ТВ Алсат-М 28,40 милиони денари, ТВ Телма 26,89 милиони денари, а ТВ Алфа 20,37 милиони денари.

За плати и други надоместоци за вработените ТВ Сител потрошила 100,71 милиони денари, ТВ Алсат-М 81,26 милиони денари, ТВ Канал 5 - 77,04 милиони денари, ТВ Телма 71,87 милиони денари, а ТВ Алфа 59,89 милиони денари.

Табела 8: Структура на вкупните трошоци на терестријалните телевизии на државно ниво

| | износ | учество |
|---|---|---|
| Материјални трошоци | 28.29 | 2.56% |
| Трошоци за набавка на програма | 326.03 | 29.55% |
| Нематеријални трошоци (услуги) | 73.04 | 6.62% |
| Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма | 355.93 | 32.26% |
| **Директни трошоци за создавање на програмата** | **783.29** | **70.99%** |
| Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма | 34.83 | 3.16% |
| Амортизација на опремата | 79.00 | 7.16% |
| Амортизација на права и лиценци | 0.27 | 0.02% |
| Кирии и останати режиски трошоци | 26.44 | 2.40% |
| Сите останати неопфатени трошоци од работењето | 176.55 | 16.00% |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **1,100.38** | **99.73%** |
| Расходи од други активности | 3.00 | 0.27% |
| Вонредни расходи | 0.01 | 0.00% |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **1,103.39** | **100.00%** |

Трошоците за набавка на програма се за 1,78 милиони денари повисоки отколку во 2022 година. Само ТВ Канал 5 и ТВ Телма потрошиле помалку средства отколку претходната година.

Слика 17: Трошоци за набака на програма на терестријалните телевизии на државно ниво во последните три години



Трошоците што овие пет телевизии ги издвојувале за плати и други надоместоци за вработените и за ангажираните лица се зголемувале од година в година – во 2021 година тие изнесувале 336,49 милиони денари, во 2022 година 360,52 милиони денари, а во 2023 година 390,77 милиони денари. Освен ТВ Алфа, која во 2022 година потрошила помалку средства отколку во 2021 година, кај останатите четири телевизии секоја година износот на овие трошоци бил повисок отколку во претходната година.

Слика 18: Трошоци за плати и други надоместоци за вработените на терестријалните телевизии на државно ниво во последните три години




ТВ Алфа, ТВ Алсат-М, ТВ Канал 5 и ТВ Сител оствариле добивка, додека ТВ Телма работела со загуба. Финансискиот резултат на сите пет телевизии заедно изнесувал загуба од 7,81 милион денари.

Табела 9: Финансиски резултат од работењето на терестријалните телевизии на државно ниво во последните шест години

| | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ТВ Алфа | 9.51 | 39.33 | -8.85 | 11.17 | 0.41 | 10.96 |
| ТВ Алсат-М | 5.36 | 8.44 | 0.53 | 17.09 | 3.51 | 1.59 |
| ТВ Канал 5 | 0.28 | 1.5 | -12.11 | 0.16 | 0.18 | 0.19 |
| ТВ Сител | 18.68 | 28.45 | -21.89 | 16.35 | 4.86 | 4.99 |
| ТВ Телма | -21.48 | -21.91 | -17.47 | 7.4 | -24.11 | -25.54 |

Во анализираната година просечниот број на вработени лица во редовен работен однос кај овие пет телевизии изнесувал 588 лица. Единствено кај ТВ Телма тој бил повисок отколку во 2022 година, и тоа за две лица.

Табела 10: Просечен број на вработени во редовен работен однос кај терестријалните телевизии на државно ниво во последните три години

| | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|
| ТВ Алфа | 106 | 102 | 100 |
| ТВ Алсат-М | 112 | 101 | 94 |
| ТВ Канал 5 | 138 | 140 | 139 |
| ТВ Сител | 153 | 151 | 147 |
| ТВ Телма | 103 | 106 | 108 |
| вкупно | 612 | 600 | 588 |

# ТЕЛЕВИЗИИ НА ДРЖАВНО НИВО ПРЕКУ НЕОГРАНИЧЕН РЕСУРС

Четирите телевизии на државно ниво преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа (Компани 21-М, Шења, Клан и Сонце) и двете телевизии на државно ниво преку сателит (24 Вести и Наша ТВ) заедно оствариле приходи во висина од 92,43 милиони денари. Овој износ е за 14% понизок од приходите што тие ги оствариле во 2022 година.

Вкупните трошоци биле повеќе од двојно повисоки во однос на остварените приходи и истите изнесувале 204,86 милиони денари.

Во последните шест години, на овој сегмент од телевизискиот пазар, вкупните приходи и вкупните трошоци биле највисоки во 2018 година, но тоа се должи на фактот што таа година програма емитуваа седум телевизии (во износот од 192,8 милиони денари вкупни приходи во 2018 година претставен на сликата 19 вклучени се и приходите на 1ТВ во износ од 39,23 милиони денари, а во износот од 271,44 милиони денари вкупни трошоци вклучени се и 37,36 милиони денари трошоци на истата телевизија).

Слика 19: Заеднички вкупни приходи и вкупни трошоци на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во периодот од 2018  до 2023 година




Гледано засебно по телевизии, зголемување на вкупните приходи во 2023 година во однос на претходната година имало само кај ТВ Шења (за 59,03%), а приходите на сите останати телевизии бележат пад. Вкупните приходи на ТВ 24 Вести се намалиле за 11,78%, на Наша ТВ за 7,35%, на ТВ Компани 21-М за 25,45%, на ТВ Клан за 38,38% и на ТВ Сонце за 20%.

Во периодот од последните шест години, вкупните приходи на ТВ 24 Вести во континуитет се намалувале. Оваа телевизија, заедно со ТВ Клан и ТВ Сонце оствариле најниски приходи токму во анализираната година.

Во 2023 година, највисоки вкупни приходи остварила ТВ Компани 21-М – износ од 36,53 милиони денари, а само 2,69 милиони денари помалку, односно 33,84 милиони денари успеала да оствари ТВ 24 Вести. Заедничките приходи на овие две телевизии претставуваат 76,13% од вкупните приходи на овој пазар. ТВ Шења остварила 12,07 милиони, Наша ТВ 7,06 милиони, ТВ Клан 2,81 милион и ТВ Сонце 0,12 милиони денари.

Слика 20: Движење на вкупните приходи на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во периодот од 2018 до 2023 година




Најголем удел во структурата на приходите (87,70%) имала продажбата на времето за рекламирање. Од реклами телевизиите заедно оствариле 81,06 милиони денари.

Табела 11: Структура на вкупните приходи на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс

| | износ | учество |
|---|---|---|
| Реклами и телешопинг | 81.06 | 87.70% |
| Спонзорства | 0.00 | 0.00% |
| Продажба на содржини | 2.98 | 3.22% |
| Приходи обезбедени од трети страни | 0.29 | 0.31% |
| Останати приходи | 2.92 | 3.16% |
| **Приходи од основна дејност** | **87.25** | **94.40%** |
| Приходи од други дејности | 0.00 | 0.00% |
| Вонредни приходи | 5.18 | 5.60% |
| **Вкупни приходи** | **92.43** | **100.00%** |

Приходите кои телевизиите ги оствариле од реклами во 2023 година се пониски за 6,85% во однос на оние во 2022 година, што најмногу се должи на намалувањето на приходите од реклами на ТВ Компани 21-М (9,03 милиони денари помалку отколку во 2022 година). Тие, исто така, се пониски и од оние остварени во предпандемиските 2018 и 2019 година. Доколку се исклучат приходите кои во 2018 и во 2019 година овие шест телевизии ги оствариле заедно од платено политичко рекламирање (11,87 односно 37,56 милиони денари), приходите од реклами во 2023 година се за 18,18% пониски споредено со 2018 година и за 1,11% пониски во однос на 2019 година.

Слика 21: Вкупни приходи и приходи од рекламирање на 6-те телевизии на државно ниво преку неограничен ресурс во периодот од 2018 до 2023 година



Во периодот од последните шест години, најголемо учество во вкупните приходи, приходите од рекламирање имале во 2023 година (87,70%), а најмало во 2020 година (45,08%).

Најмногу приходи од реклами остварила ТВ Компани 21-М (36,04 милиони денари), а позначаен износ прикажала и ТВ 24 Вести (28,85 милиони денари).

Табела 12: Приходи од рекламирање на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс

| | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | Стапка на раст 2023/2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ТВ 24 Вести | 60.1 | 48.27 | 41.19 | 35.26 | 30.95 | 28.85 | -6.79% |
| Наша ТВ | 2.15 | 3.66 | 2.58 | 1.49 | 1.63 | 1.66 | 1.84% |
| ТВ Компани 21-М | 22 | 15.4 | 15.14 | 32.13 | 45.07 | 36.04 | -20.04% |
| ТВ Шеќа | 14.06 | 13.26 | 3.97 | 3.24 | 7.04 | 11.76 | 67.05% |
| ТВ Клан | 0.74 | 1.12 | 0.47 | 3.81 | 2.19 | 2.63 | 20.09% |
| ТВ Сонце | 0.11 | 0.26 | 0.17 | 0.2 | 0.14 | 0.12 | -14.29% |

Освен Наша ТВ, за којашто главен извор на финансирање била продажбата на содржини (42,21% од приходите на оваа ТВ биле од продажба на содржини), останатите пет телевизии главно се финансирале од продажба на времето за рекламирање. Кај ТВ 24 Вести од реклами биле 85,25% од приходите, кај ТВ Комапни 21-М 98,66%, кај ТВ Шеќа 97,43%, кај ТВ Клан 93,59% и кај ТВ Сонце 100% од вкупните приходи. Наша ТВ од реклами остварила само 23,51% од вкупните приходи.

Слика 22: Вкупни приходи и приходи од реклами на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во 2023 година



Средствата кои заедно ги потрошиле овие шест телевизии изнесувале 204,86 милиони денари. Највисоки трошоци во 2023 година имала ТВ 24 Вести (69,82 милиони денари), а најниски ТВ Шења (10,59 милиони денари).

Освен ТВ Шења, која потрошила помалку, останатите телевизии имале повисоки трошоци во споредба со 2022 година.

Табела 13: Вкупни трошоци на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс

| | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ТВ 24 Вести | 91.42 | 75.40 | 67.90 | 58.95 | 59.23 | 69.82 |
| ТВ Наша ТВ | 13.86 | 6.56 | 15.15 | 7.14 | 8.71 | 11.51 |
| ТВ Компани 21-М | 76.58 | 63.94 | 58.91 | 55.62 | 48.84 | 51.27 |
| ТВ Шења | 17.89 | 11.83 | 11.75 | 11.76 | 11.61 | 10.59 |
| ТВ Клан | 13.76 | 21.78 | 22.55 | 27.64 | 36.28 | 45.56 |
| ТВ Сонце | 20.57 | 15.77 | 13.63 | 12.27 | 14.17 | 16.11 |

Најголем дел од трошоците (54,93%, односно 112,53 милиони денари) биле за плати на вработените. За оваа намена телевизиите заедно потрошиле 7,55 милиони денари повеќе отколку во претходната година, кога биле потрошени 104,98 милиони денари.

Табела 14: Структура на вкупните трошоци на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс

| | износ | учество |
|---|---|---|
| Материјални трошоци | 8.56 | 4.18% |
| Трошоци за набавка на програма | 12.03 | 5.87% |
| Нематеријални трошоци (услуги) | 13.42 | 6.55% |
| Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма | 97.42 | 47.55% |
| **Директни трошоци за создавање на програмата** | **131.43** | **64.16%** |
| Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма | 15.11 | 7.38% |
| Амортизација на опремата | 9.27 | 4.53% |
| Амортизација на права и лиценци | 2.3 | 1.12% |
| Кирии и останати режиски трошоци | 5.12 | 2.50% |
| Сите останати неопфатени трошоци од работењето | 37.70 | 18.40% |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **200.93** | **98.08%** |
| Расходи од други активности | 0.02 | 0.01% |
| Вонредни расходи | 3.91 | 1.91% |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **204.86** | **100.00%** |

Од шесте телевизии, најмногу за плати во 2023 година потрошила ТВ 24 Вести - 47,24 милиони денари, што претставува и највисок износ кој оваа телевизија го направила во последните три години.

Во секоја од последните три години трошоците за плати и други надоместоци на Наша ТВ биле забележително пониски отколку кај останатите пет телевизии.

Слика 23: Трошоци за плати и други надоместоци за вработените во телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во последните три години




За набавка на програма телевизиите потрошиле 12,03 милиони денари. Од нив, речиси половина (5,16 милиони денари) ги направила ТВ 24 Вести. Во однос на другите телевизии, ТВ 24 Вести потрошила значително повеќе за набавка на програма и во 2022 година, а во 2021 година најмногу средства за ова намена издвоила ТВ Компани 21-М (3,76 милиони денари). Оваа е единствената телевизија која не прикажала трошоци за набавка на содржини во 2022 и 2023 година.

Слика 24: Трошоци за набавка на програма во телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во последните три години




Остварениот финансиски резултат од работењето на овие шест телевизии во 2023 година (загуба во износ од 112,6 милиони денари) бил најлош во периодот од 2018 година наваму.

Најголема загуба прикажале ТВ Клан (загуба од 42,75 милиони денари) и ТВ 24 Вести (загуба од 35,98 милиони денари).

Добивка, но незначителен износ, остварила само ТВ Шења.

Табела 15: Финансиски резултат од работењето на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во последните шест години

| | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ТВ 24 Вести | -2,44 | -8,54 | -1,55 | -4,94 | -20,87 | -35,98 |
| Наша ТВ | -11,44 | -0,12 | -5,8 | -2,08 | -1,1 | -4,45 |
| ТВ Компани 21-М | -45,06 | -31,74 | -18,90 | 7,4 | 0,15 | -14,74 |
| ТВ Шења | -2,68 | 1,61 | -0,97 | 2,36 | -4,02 | 1,31 |
| ТВ Клан | 0,66 | -11,52 | -10,01 | -7,39 | -31,72 | -42,75 |
| ТВ Сонце | -19,57 | -15,38 | -11,75 | -12,05 | -14,02 | -15,99 |

ТВ 24 Вести, Наша ТВ и ТВ Сонце во секоја од последните шест години работеле со загуба.

Просечниот број на вработени во редовен работен однос изнесувал 211 лица – две лица повеќе од претходната година. Најмногу вработени имало во ТВ 24 Вести (88 лица), а најмалку во ТВ Сонце (18 лица).

Табела 16: Просечен број на вработени во редовен работен однос кај телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во последните три години

| | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|
| ТВ 24 Вести | 98 | 90 | 88 |
| Наша ТВ | 1 | 7 | 21 |
| ТВ Компани 21-М | 38 | 35 | 31 |
| ТВ Шења | 35 | 27 | 24 |
| ТВ Клан | 38 | 34 | 29 |
| ТВ Сонце | 18 | 16 | 18 |
| вкупно | 228 | 209 | 211 |

# ТЕЛЕВИЗИИ НА РЕГИОНАЛНО НИВО

Вкупните приходи на регионалните телевизии во 2023 година изнесувале 58,17 милиони денари. Овој износ успеале да го остварат 15 телевизии коишто емитуваа програма во текот на годината[2].

Тие заедно потрошиле 72,09 милиони денари, односно 14 милиони денари повеќе отколку приходите. Во периодот од последните шест години, освен во 2021 година, заедничките трошоци на регионалните телевизии секогаш биле повисоки од остварените приходи.

Слика 25: Движење на вкупните приходи и вкупните трошоци на регионалните телевизии во периодот од 2018 до 2023 година




Заедничките приходи биле за 5,4% пониски од приходите во 2022 година.

Највисоки приходи, во вкупен износ од 16,49 милиони денари, оствариле заедно телевизиите од регионот Д1 – Црн Врв Скопје. Најниски, пак, биле приходите од радиодифузниот регион Д7 - Стогово, каде програма емитува само една телевизија - Телевизија 3.

[2] Програма на регионално ниво на почетокот од 2023 година емитувале 17 телевизии. Во текот на годината престанаа да важат дозволите на ТВ Ирис, ТВ Полог и ТВ Кисс&Менада, а беше доделена дозвола на ТВ Вистел.

Слика 26: Вкупни приходи по радиодифузни региони




Помалку приходи отколку во 2022 година биле остварени во регионите Д1 - Скопје (за 0,18%), Д3 - Туртел  (за 23,19%), Д7 - Стогово (за 42,86%) и во Д8 - Попова Шапка (за 61,81%). Телевизиите во останатите четири радиодифузни региони прикажале повисоки приходи. Во апсолутен износ, најмногу се зголемиле заедничките приходи на двете телевизии во Д4 - Боскија, и тоа за 3,51 милион денари.

Табела 17: Вкупни приходи на регионалните телевизии во периодот од 2018 до 2023 година

| | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | Стапка на раст 2023/2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Д1 – Црн Врв Скопје | 31.12 | 24.77 | 29.3 | 25.18 | 16.52 | 16.49 | -0.18% |
| Д1 – Црн Врв Велес | 2.31 | 3.76 | 2.08 | 4.13 | 2.69 | 2.93 | 8.92% |
| Д2 - Страцин | 2.71 | / | / | / | / | / | / |
| Д3 - Туртел | 10.19 | 10.34 | 10.91 | 14.72 | 11.34 | 8.71 | -23.19% |
| Д4 - Боскија | 7.87 | 10.79 | 11.75 | 10.46 | 6.37 | 9.88 | 55.10% |
| Д5 - Пелистер | 7.04 | 11.57 | 9.58 | 15.2 | 8.74 | 10.44 | 19.45% |
| Д6 - Мали Влај | 5.14 | 6.84 | 5.01 | 8.45 | 2.59 | 4.65 | 79.54% |
| Д7 - Стогово | 0.02 | 0.49 | 0.36 | 0.64 | 0.07 | 0.04 | -42.86% |
| Д8 - Попова Шапка | 10.60 | 10.76 | 14.67 | 20.41 | 13.17 | 5.03 | -61.81% |

Највисоки вкупни приходи биле остварени во регионот Д1-Скопје, во вкупен износ од 16,49 милиони денари, што е и очекувано со оглед на тоа дека овој регион има најголем економски потенцијал, најголем број активни деловни субјекти, односно потенцијални огласувачи (27.218) и најголем број на население, односно најголема потенцијална публика (607.007 жители).

Табела 18: Број на население, активни деловни субјекти и вкупни приходи (по радиодифузни региони)

| радиодифузен регион | население[3] | активни деловни субјекти[4] | број на ТВ | вкупни приходи |
|---|---|---|---|---|
| Д1 – Црн Врв Скопје | 607,007 | 27,218 | 5 | 16.49 |
| Д1 – Црн Врв Велес | 138,722 | 5,170 | 1 | 2.93 |
| Д2 - Страцин | 152,982 | 4,084 | 0 | 0 |
| Д3 - Туртел | 150,234 | 5,457 | 2 | 8.71 |
| Д4 - Боскија | 148,387 | 5,597 | 2 | 9.88 |
| Д5 - Пелистер | 260,211 | 9,021 | 1 | 10.44 |
| Д6 - Мали Влај | 108,486 | 4,831 | 1 | 4.65 |
| Д7 - Стогово | 24,174 | 718 | 1 | 0.04 |
| Д8 - Попова Шапка | 246,510 | 8,328 | 2 | 5.03 |

[3] Податоците се достапни на веб страната на Државниот завод за статистика, на следниот линк: https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Popisi__Popis2021__NaselenieVkupno__Naselenie__VozrastiPol/T1020P21.px/table/tableViewLayout2/

[4] Податоците се достапни на веб страната на Државниот завод за статистика, на следниот линк: https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__DelovniSubj__AktDelovniSubjekti/425_Delovni_Reg_Ops_NACE_ml.px/table/tableViewLayout2/

Највисоки приходи остварила ТВ Тера - 10,44 милиони денари, а позначајни износи прикажале ТВ Ера и ТВ Канал Вис, кои успеале да остварат 9,69, односно 8,48 милиони денари. Вкупните приходи на ТВ Канал Вис бележат најголемо зголемување во споредба со претходната година – за 3,28 милиони денари, а најмногу се намалиле вкупните приходи на ТВ Коха, кои биле двојно пониски од 2022 година.

Табела 19: Поединечни вкупни приходи на регионалните телевизии
во периодот од 2018 до 2023 година

| ТВ | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ТВ Едо | 2.40 | 2.88 | 3.97 | 2.99 | 2.90 | 2.87 |
| ТВ Ера | 15.76 | 10.37 | 10.54 | 12.08 | 8.40 | 9.69 |
| ТВ МТМ | 7.05 | 4.95 | 6.08 | 6.85 | 4.91 | 3.89 |
| ТВ Шутел | 2.88 | 3.41 | 4.26 | 3.25 | 0.31 | 0.04 |
| ТВ Вистел | / | / | / | / | / | 0.00 |
| ТВ КТВ | 2.31 | 3.76 | 2.08 | 4.13 | 2.69 | 2.93 |
| ТВ Стар | 6.44 | 8.06 | 8.36 | 10.35 | 9.88 | 7.33 |
| ТВ М Нет-ХД | / | / | 0.32 | 2.56 | 1.46 | 1.38 |
| ТВ Канал Вис | 4.87 | 8.21 | 9.98 | 8.71 | 5.20 | 8.48 |
| ТВ Кобра | 3.00 | 2.58 | 1.77 | 1.75 | 1.17 | 1.40 |
| ТВ Тера | 7.04 | 11.57 | 9.58 | 15.20 | 8.74 | 10.44 |
| ТВ М | 5.14 | 6.84 | 5.01 | 8.45 | 2.59 | 4.65 |
| Телевизија 3 | 0.02 | 0.49 | 0.36 | 0.64 | 0.07 | 0.04 |
| ТВ Коха | 6.15 | 7.79 | 8.38 | 12.84 | 8.05 | 4.02 |
| ТВ Топестрада | 1.07 | 1.01 | 2.53 | 1.22 | 0.08 | 1.01 |

Главен извор на финансирање била продажбата на времето за рекламирање, од којашто биле остварени вкупно 31,17 милиони денари. Од продажба на содржини и од услуги обзбедени на трети страни телевизиите оствариле речиси ист износ.

Табела 20: Структура на вкупните приходи на регионалните телевизии

| | износ | учество |
|---|---|---|
| Реклами и телешопинг | 31.17 | 53.58% |
| Спонзорства | 1.19 | 2.05% |
| Продажба на содржини | 3.19 | 5.48% |
| Приходи обезбедени од трети страни | 3.24 | 5.57% |
| Останати приходи | 15.07 | 25.91% |
| **Приходи од основна дејност** | **53.86** | **92.59%** |
| Приходи од други дејности | 0.51 | 0.88% |
| Вонредни приходи | 3.80 | 6.53% |
| **Вкупни приходи** | **58.17** | **100.00%** |

Половина од приходите од реклами ги оствариле само две телевизии – Ера (9,69 милиони денари) и Стар (6,95 милиони денари). Приходи од рекламирање воопшто не прикажале ТВ Шутел и ТВ Вистел.

Кај ТВ МТМ и кај ТВ Тера, приходите од реклами имале најниско учество во вкупните приходи на овие телевизии. ТВ МТМ од продажба на времето за рекламирање остварила само 5% од вкупните приходи, а ТВ Тера само 11%. Најголем дел од приходите на овие две телевизии биле од категоријата „останати приходи“.

Слика 27: Вкупни приходи и приходи од реклами на регионалните телевизии во 2023 година




Само три телевизии прикажале приходи од продажба на содржини – ТВ Тера (2,63 милиони денари), ТВ МТМ (0,52 милиони денари) и ТВ Шутел (0,04 милиони денари). Приходи од спонзорства оствариле само ТВ М и ТВ Кобра, а приходи од услуги обезбедени на трети страни само ТВ Тера.

И во овој сегмент на телевизиската индустрија најмногу средства биле потрошени за плати и надоместоци на вработените (40,61 милион денари).

Табела 21: Структура на трошоците на регионалните телевизии

| | износ | учество |
|---|---|---|
| Материјални трошоци | 11.24 | 15.59% |
| Трошоци за набавка на програма | 1.19 | 1.65% |
| Нематеријални трошоци (услуги) | 4.23 | 5.87% |
| Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма | 38.73 | 53.72% |
| **Директни трошоци за создавање на програмата** | **55.39** | **76.83%** |
| Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма | 1.88 | 2.61% |
| Амортизација на опремата | 3.72 | 5.16% |
| Амортизација на права и лиценци | 1.37 | 1.90% |
| Кирии и останати режиски трошоци | 2.61 | 3.62% |
| Сите останати неопфатени трошоци од работењето | 6.22 | 8.63% |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **71.20** | **98.77%** |
| Расходи од други активности | 0.01 | 0.01% |
| Вонредни расходи | 0.88 | 1.22% |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **72.09** | **100.00%** |

Во секоја од последните три години, ТВ Стар имала највисоки трошоци за плати за вработените. Таа во 2023 година за оваа намена потрошила 5,53 милиони денари.

Трошоци за набавка на содржини имале само шест телевизии, и тоа: ТВ МТМ (0,01 милион денари), ТВ Стар (0,48 милиони денари), ТВ Кобра (0,15 милиони денари), ТВ Тера (0,30 милиони денари), ТВ М 0,16 милиони денари) и ТВ Топестрада (0,09 милиони денари).

Заедничкиот резултат од работењето на регионалните телевизии е загуба од 14,12 милиони денари. Во периодот од 2018 до 2023 година тие успеале да остварат добивка само во 2021 година, и тоа износ во висина од 5,82 милиони денари.

Слика 28: Финансиски резултат од работењето на регионалните телевизии во последните шест години



Со добивка работеле седум телевизии, а осум оствариле загуба. Највисока добивка успеала да оствари ТВ Канал Вис – 2,8 милиони денари, а најлош финансиски резултат од работењето имала ТВ Вистел - загуба од 9,75 милиони денари.

Табела 22: Финансиски резултат од работењето на регионалните телевизии во 2023 година

| ТВ | Резултат од работењето | ТВ | Резултат од работењето |
|---|---|---|---|
| ТВ Канал Вис | 2.80 | ТВ КТВ | -0.77 |
| ТВ Тера | 1.08 | ТВ Едо | -1.02 |
| ТВ Стар | 0.04 | ТВ МТМ | -1.08 |
| ТВ Шутел | 0.02 | ТВ Ера | -1.32 |
| ТВ М | 0.01 | ТВ Коха | -1.41 |
| ТВ Топестрада | 0.01 | Телевизија 3 | -2.39 |
| ТВ М Нет-ХД | 0.00 | ТВ Вистел | -9.75 |
| ТВ Кобра | -0.36 | | |

Просечниот број на вработени во редовен работен однос во сите телевизии заедно изнесувал 79 лица. Осум телевизии го намалиле бројот на вработени во однос на 2022 година, а само една (ТВ Канал Вис) го зголемила, и тоа само за едно лице.

Табела 23: Просечен број на вработени во регионалните телевизии во последните три години

| ТВ | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|
| ТВ Едо | 7 | 8 | 7 |
| ТВ Ера | 23 | 19 | 11 |
| ТВ МТМ | 3 | 3 | 2 |
| ТВ Шутел | 3 | н.п. | н.п. |
| ТВ Вистел | / | / | 6 |
| ТВ КТВ | 6 | 6 | 6 |
| ТВ Стар | 9 | 8 | 7 |
| ТВ М Нет-ХД | 5 | 4 | 3 |
| ТВ Канал Вис | 13 | 6 | 7 |
| ТВ Кобра | 5 | 4 | 2 |
| ТВ Тера | 9 | 10 | 10 |
| ТВ М | 8 | 8 | 7 |
| Телевизија 3 | 3 | 3 | 3 |
| ТВ Коха | 12 | 10 | 7 |
| ТВ Топестрада | 1 | 1 | 1 |

# ТЕЛЕВИЗИИ НА ЛОКАЛНО НИВО

На територијата на целата држава се утврдени 22 подрачја[5] на телевизиско емитување на локално ниво, но локални телевизии има само во осум од нив, и тоа во едно подрачје има три телевизии, во четири подрачја има по две телевизии и во останатите три подрачја по една телевизија.

Слика 29: Подрачја на телевизиско емитување на локално ниво и вкупни приходи на локалните телевизии




[5] Подрачјата на емитување се определени со„ Правилникот за подрачјата на емитување на телевизиски и радио програмски сервиси“ на АААВМУ, достапен на веб страницата на агенцијата, на следниот линк: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/pravilnik_za_podracja_na_emituvanje.pdf

На почетокот од 2023 година, телевизиска програма на локално ниво емитуваа 15 телевизии. Во ноември престана да важи дозволата на ТВ Здравкин, поради што Агенцијата не располага со податоци за работењето на оваа телевизија.

Заедничките приходи на 14-те локални телевизии изнесувале 15,10 милиони денари, а трошоците што тие ги направиле изнесувале 20,08 милиони денари. Во периодот од последните шест години, вкупните приходи и вкупните трошоци биле пониски само во 2022 година во однос на оние од 2023 година, и тоа приходите за 48,33%, а трошоците за 1,62%.

Слика 30: Движење на вкупните приходи и вкупните трошоци на локалните телевизии во периодот од 2018 до 2023 година




Гледано по локални подрачја, највисоки вкупни приходи во 2023 година (6,43 милиони денари) оствариле заедно трите телевизии кои емитуваат на подрачјето на Куманово, Липково и Старо Нагоричане – ТВ Феста, ТВ Плус и ТВ Њуз. Иако бројот на активни деловни субјекти на ова подрачје е речиси ист како и на локалното подрачје кое ги опфаќа општините Гостивар, Боговиње и Врапчиште, сепак двете телевизии кои емитуваат програма во второво подрачје (ТВ Дуе и Г-ТВ) заедно оствариле три пати пониски приходи.

Значителна разлика во вкупните приходи има и помеѓу подрачјето на кое емитуваат телевизиите ТВ К и Канал 8 и подрачјето на кое емитуваат телевизиите ТВ Калтрина и ТВ Спектра. Во двете подрачја има приближно исто активни деловни субјекти кои може да се јават како потенцијални огласувачи, но ТВ К и ТВ Канал 8 заедно успеале да остварат шест пати повеќе приходи од ТВ Калтрина и ТВ Спектра.

Табела 24: Број на население, активни деловни субјекти и вкупни приходи (по локални подрачја)

| Локално подрачје | Население | Активни деловни субјекти | број на ТВ | Вкупни приходи |
|---|---|---|---|---|
| ЛП - Куманово, Липково и Старо Нагоричане | 123,913 | 3,299 | 3 (Феста, Плус, Њуз) | 6,43 |
| ЛП - Гостивар, Боговиње и Врапчиште | 102,518 | 3,381 | 2 (Дуе, ГТВ) | 2,13 |
| ЛП - Кочани, Виница, Чешиново-Облешево и Зрновци | 53,634 | 1,968 | 2 (ТВ К, Канал 8) | 1,87 |
| ЛП - Струга и Вевчани | 53,339 | 2,174 | 2 (Калтрина, Спектра) | 0,29 |
| ЛП - Кичево, Македонски Брод и Пласница | 49,780 | 1,604 | 2 (Гурра, Ускана медиа) | 1,43 |
| ЛП - Дебар, Центар Жупа и Маврово и Ростуше | 24,174 | 718 | 1 (Дибра) | 0,48 |
| ЛП - Кратово и Пробиштип | 20,962 | 617 | 1(Протел) | 1,58 |
| ЛП - Свети Николе и Лозово | 17,584 | 780 | 1 (Свет) | 0,89 |

Од аспект на секоја телевизија засебно, највисоки вкупни приходи остварила ТВ Плус од Куманово – 4,28 милиони денари, а најниски ТВ Спектра од Струга – 0,12 милиони денари. ТВ Плус емитува програма на исто локално подрачје со ТВ Феста и ТВ Њуз, но успеала да оствари двојно повеќе приходи отколку што оствариле овие две телевизии заедно.

Сличен е случајот и со ТВ Дуе и Г-ТВ, кои емитуваат на подрачјето на Гостивар, Боговиње и Врапчиште, а Г-ТВ остварила речиси четири пати повисоки приходи од ТВ Дуе.

Табела 25: Поединечни вкупни приходи на локалните телевизии
во периодот од 2018 до 2023 година

| ТВ | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ТВ Плус | 3.12 | 5.08 | 4.89 | 6.82 | 2.3 | 4.28 |
| ТВ Феста | 0.55 | 1.52 | 1.44 | 1.81 | 0.13 | 1.79 |
| ТВ Њуз | / | / | / | / | 0.00 | 0.36 |
| ТВ Дуе | 1.04 | 1.57 | 2.49 | 6.22 | 0.91 | 0.45 |
| Г-ТВ | 1.40 | 2.73 | 2.37 | 6.73 | 2.52 | 1.68 |
| ТВ К | 1.21 | 1.20 | 1.37 | 1.38 | 0.84 | 1.05 |
| ТВ Канал 8 | 1.16 | 1.22 | 2.15 | 2.34 | 0.59 | 0.82 |
| ТВ Калтрина | 0.10 | 2.22 | 1.03 | 3.85 | 0.16 | 0.17 |
| ТВ Спектра | 0.75 | 0.65 | 1.12 | 1.78 | 0.08 | 0.12 |
| ТВ Гурра | 1.04 | 2.29 | 1.83 | 0.99 | 0.43 | 1.05 |
| ТВ Ускана медиа | 0.98 | 2.45 | 1.74 | 3.21 | 0.44 | 0.38 |
| ТВ Дибра | 0.92 | 0.62 | 1.09 | 0.91 | 0.18 | 0.48 |
| ТВ Протел | 1.53 | 1.32 | 1.14 | 1.74 | 0.85 | 1.58 |
| ТВ Свет | 1.07 | 0.89 | 0.83 | 0.92 | 0.73 | 0.89 |

Заедничките приходи на локалните телевизии остварени од продажба на времето за рекламирање изнесувале 12,38 милиони денари, што е за 70% повеќе во однос на претходната година (во апсолутен износ - 5,08 милиони денари).

Табела 26: Структура на вкупните приходи на локалните телевизии

| | износ | учество |
|---|---|---|
| Реклами и телешопинг | 12.38 | 81.99% |
| Спонзорства | 0.00 | 0.00% |
| Продажба на содржини | 0.37 | 2.45% |
| Приходи обезбедени од трети страни | 0.60 | 3.97% |
| Останати приходи | 1.60 | 10.60% |
| **Приходи од основна дејност** | **14.95** | **99.01%** |
| Приходи од други дејности | 0.00 | 0.00% |
| Вонредни приходи | 0.15 | 0.99% |
| **Вкупни приходи** | **15.10** | **100.00%** |

Само ТВ Спектра, ТВ Дуе и ТВ Ускана медиа оствариле пониски приходи од реклами во однос на претходната година, додека другите имале повисоки приходи. Најмногу се зголемиле приходите од рекламирање на ТВ Феста (за 1,65 милиони денари) и на ТВ Плус (за 1,36 милиони денари). Кај осум телевизии, 100% од приходите биле остварени од рекламирање. Најмало учество во вкупните приходи, приходите од реклами имале кај ТВ Свет. Кај оваа телевизија, само 24% од приходите биле остварени од продажба на времето за рекламирање. Најголем дел од приходите на овој радиодифузер (67%) биле од услуги обезбедени на трети страни.

Слика 31: Вкупни приходи и приходи од реклами на локалните телевизии во 2023 година



Приходи од продажба на содржини, како и во 2022 година, остварила само ТВ Плус (износ од 0,37 милиони денари).

Заедничките трошоци на локалните телевизии изнесувале 20,08 милиони денари. Од нив, 81,92% биле директни трошоци за создавање програма, од коишто пак најмногу биле потрошени за плати и други надоместоци на лицата директно поврзани со производство на програмата (12,53 милиони денари).

Табела 27: Структура на вкупните трошоци на локалните телевизии

| | износ | учество |
|---|---|---|
| Материјални трошоци | 2.11 | 10.51% |
| Трошоци за набавка на програма | 0.39 | 1.94% |
| Нематеријални трошоци (услуги) | 1.42 | 7.07% |
| Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма | 12.53 | 62.40% |
| **Директни трошоци за создавање на програмата** | **16.45** | **81.92%** |
| Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма | 0.00 | 0.00% |
| Амортизација на опремата | 0.70 | 3.49% |
| Амортизација на права и лиценци | 0.00 | 0.00% |
| Кирии и останати режиски трошоци | 0.95 | 4.73% |
| Сите останати неопфатени трошоци од работењето | 1.91 | 9.51% |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **20.01** | **99.65%** |
| Расходи од други активности | 0.00 | 0.00% |
| Вонредни расходи | 0.07 | 0.35% |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **20.08** | **100.00%** |

Во 2023 година, најмногу средства за плати на вработените издвоила ТВ Плус – 2,92 милиони денари.

Кај 12 локални телевизии, најголемо учество во директните трошоци за создавање програма имале платите за вработените. Само кај ТВ Гурра и кај ТВ Ускана медиа доминирале материјалните трошоци (65% од директните трошоци на ТВ Гурра и 76% од директните трошоци на ТВ Ускана медиа биле материјални трошоци). За плати ТВ Гурра наменила 33%, а ТВ Ускана медиа само 4% од директните трошоци.

Трошоци за набавка на содржини имала само ТВ Калтрина, и тоа износ од 0,39 милиони денари.

Слика 32: Директни трошоци за создавање програма и трошоци за плати на вработените во локалните телевизии во 2023 година




Резултатот од работењето на локалните телевизии и во 2023 година е загуба во износ од 5,02 милиони денари.

Слика 33: Финансиски резултат од работењето на локалните телевизии во последните шест години



Со добивка работеле само ТВ Феста, ТВ Гурра, ТВ К, ТВ Свет и ТВ Плус. Останатите девет телевизии имале загуба. Најдобар финансиски резултат имала ТВ Феста, чија добивка изнесувала 0,78 милиони денари.

Табела 28: Финансиски резултат од работењето на локалните телевизии во 2023 година

| ТВ | | ТВ | |
|---|---|---|---|
| ТВ Феста | 0.78 | ТВ Ускана медиа | -0.19 |
| ТВ Гурра | 0.35 | ТВ Њуз | -0.39 |
| ТВ К | 0.04 | ТВ Спектра | -0.61 |
| ТВ Свет | 0.01 | Г-ТВ | -0.81 |
| ТВ Плус | 0.01 | ТВ Дуе | -1.05 |
| ТВ Дибра | -0.09 | ТВ Канал 8 | -1.43 |
| ТВ Протел | -0.14 | ТВ Калтрина | -1.50 |

Просечниот број на вработени во редовен работен однос изнесувал 46 лица, девет лица повеќе отколку во претходната година. Најмногу вработени имало во ТВ Плус – седум лица.

Табела 29: Просечен број на вработени во локалните телевизии во последните три години

| ТВ | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|
| ТВ Феста | 1 | 1 | 4 |
| ТВ К | 2 | 2 | 3 |
| ТВ Канал 8 | 2 | 2 | 2 |
| ТВ Протел | 4 | 4 | 3 |
| ТВ Свет | 2 | 1 | 2 |
| ТВ Калтрина | 3 | 3 | 3 |
| ТВ Спектра | 1 | 1 | 4 |
| ТВ Дибра | 3 | 3 | 2 |
| ТВ Гурра | 1 | 1 | 3 |
| ТВ Дуе | 3 | 3 | 3 |
| Г-ТВ | 4 | 6 | 5 |
| ТВ Плус | 6 | 7 | 7 |
| ТВ Ускана медиа | 3 | 1 | 1 |
| ТВ Њуз | / | 1 | 4 |

# РАДИОСТАНИЦИ НА ДРЖАВНО НИВО

Четирите радиостаници кои емитуваат програма на државно ниво заедно оствариле 86,50 милиони денари, од кои половина биле приходите на Канал 77, во износ од 44,12 милиони денари. Антена 5 успеала да оствари 29,64 милиони денари, Метрополис 9,27 милиони денари, а Јон 3,47 милиони денари.

Вкупните приходи на сите четири радија се за 21% повисоки во споредба со оние остварени во 2022 година, а воедно се и највисоки во последните шест години.

Слика 34: Движење на вкупните приходи на радиостаниците на државно ниво во периодот од 2018 до 2023 година




Приходите се зголемиле кај сите радиостаници. Во апсолутен износ, најголемо зголемување прикажала РА Канал 77 (за 10,23 милиони денари), додека стапката на раст била највисока кај Јон радио (116,88%).

Средствата што во 2023 година ги остварила секоја радиостаница се највисоки во периодот од 2018 година до сега.

Табела 30: Поединечни приходи на радиостаниците на државно ниво во последните шест години

| | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | стапка на раст 2023/2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| РА Антена 5 | 23.83 | 26.16 | 21.71 | 25.42 | 28.84 | 29.64 | 2.77% |
| РА Канал 77 | 25.71 | 20.46 | 22.18 | 28.52 | 33.89 | 44.12 | 30.19% |
| РА Метрополис | 5.43 | 4.95 | 7.49 | 7.65 | 7.22 | 9.27 | 28.39% |
| РА Јон | / | / | 2.13 | 2.91 | 1.6 | 3.47 | 116.88% |

Зголемување во однос на 2022 година имало кај сите видови на приходи, освен кај приходите од услуги обезбедени на трети страни, кај коишто имало минимален пад од околу 3%. Сепак, порастот на вкупните приходи во најголема мера се должи на зголемувањето на приходите остварени од продажба на времето за рекламирање, и тоа за 7,66 милиони денари.

Табела 31: Структура на приходите кај радијата на државно ниво

| | износ | учество |
|---|---|---|
| Реклами и телешопинг | 65.38 | 75.58% |
| Спонзорства | 0.46 | 0.54% |
| Продажба на содржини | 1.37 | 1.58% |
| Приходи обезбедени од трети страни | 3.10 | 3.59% |
| Останати приходи | 11.05 | 12.77% |
| **Приходи од основна дејност** | **81.36** | **94.06%** |
| Приходи од други дејности | 4.96 | 5.73% |
| Вонредни приходи | 0.18 | 0.21% |
| **Вкупни приходи** | **86.50** | **100.00%** |

Од реклами биле остварени 76% од вкупните приходи на четирите радиостаници. За Антена 5 и Јон радио рекламирањето било единствен извор на приходи во 2023 година. Поточно, Антена 5 од реклами остварила 29,64 милиони денари, а Јон 3,47 милиони денари. Кај Канал 77 од реклами биле 61% од вкупните приходи на радиото, односно 26,97 милиони денари, а кај Метрополис 57%, односно 5,30 милиони денари.

Слика 35: Движење на приходите од реклами на радиостаниците на државно ниво во периодот од 2018 до 2023 година



Во последните шест години, Антена 5 секогаш остварувала највисоки приходи од реклами во однос на другите радиостаници. Освен Метрополис, која најмногу средства по овој основ остварила во 2021 година, останатите три радија прикажале најмногу приходи од рекламирање во 2023 година.

Целиот износ на приходи од спонзорства (0,46 милиони денари) го остварила Метрополис, која е и единствената радиостаница што остварила приходи од продажба на содржини (1,37 милиони денари). Канал 77 пак, е единствената која прикажала приходи од услуги обезбедени на трети страни (3,10 милиони денари).

Заедничките трошоци на Антена 5, Канал 77, Метрополис и Јон се зголемиле за околу 7% во однос на 2022 година и изнесувале 76,50 милиони денари. Од нив, повеќе од половината, односно 40,75 милиони денари биле трошоците на Канал 77. Антена 5 потрошила 24,79 милиони, Метрополис 7,58 милиони и Јон 3,38 милиони денари.

Слика 36: Движење на вкупните трошоци на радиостаниците на државно ниво
во периодот од 2018 до 2023 година




58% од вкупно направените трошоци (44,32 милиони денари) биле директни трошоци за создавање програма. Од нив, најмногу биле потрошени за плати и други надоместоци на лицата директно поврзани со производство на програмата (46%).

Табела 32: Структура на вкупните трошоци на радиостаниците на државно ниво

| | износ | учество |
|---|---|---|
| Материјални трошоци | 7.36 | 9.62% |
| Трошоци за набавка на програма | 1.33 | 1.74% |
| Нематеријални трошоци (услуги) | 15.20 | 19.87% |
| Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма | 20.43 | 26.70% |
| **Директни трошоци за создавање на програмата** | **44.32** | **57.93%** |
| Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма | 3.49 | 4.56% |
| Амортизација на опремата | 8.15 | 10.66% |
| Амортизација на права и лиценци | 0.00 | 0.00% |
| Кирии и останати режиски трошоци | 4.54 | 5.94% |
| Сите останати неопфатени трошоци од работењето | 14.78 | 19.32% |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **75.28** | **98.41%** |
| Расходи од други активности | 0.26 | 0.34% |
| Вонредни расходи | 0.96 | 1.25% |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **76.50** | **100.00%** |

Најмногу средства за овие лица издвоила Канал 77 – 11,61 милион денари, меѓутоа оваа радиостаница не прикажала трошоци за плати за лицата што не се директно поврзани со производство на програма. Трошоците за платите и другите надоместоци за лицата директно поврзани со производство на програмата кај Антена 5 изнесувале 4,34 милиони денари, кај Метрополис 3,16 милиони денари, а кај Јон 1,32 милиони денари.

Трошоци за плати и надоместоци на лицата кои не се директно поврзани со производство на програмата прикажале само РА Антена 5 (3,20 милиони денари) и РА Метрополис (0,29 милиони денари).

После платите, позначаен износ од трошоците за создавање програма претставувале нематеријалните трошоци, од кои најголем дел повторно прикажала Канал 77 (8,87 милиони денари). Програмски содржини набавила само Антена 5.

Во анализираната година, радиостаниците оствариле добивка во износ од 8,86 милиони денари. Овој е најдобриот финансиски резултат од работењето кој тие заедно го оствариле во периодот од 2018 до 2023 година.

Со добивка во 2023 година работеле сите четири радија, но највисока била добивката на Антена 5 – 4,24 милиони денари. Канал 77 успела да оствари добивка во износ од 3,02 милиони денари, Метрополис 1,52 милиони денари и Јон 0,08 милиони денари. Од 2019 година, откако започна да емитува програма, во 2023 година Јон радио за прв пат работело со добивка. Антена 5 имала највисока добивка во 2021 година, Канал 77 во 2023 година, а Метрополис во 2020 година.

Табела 33: Финансиски резултат од работењето на радиостаниците на државно ниво во периодот од 2018 до 2023 година

| | Антена 5 | Канал 77 | Метрополис | Јон |
|---|---|---|---|---|
| 2018 | 0.37 | 0.33 | 0.10 | / |
| 2019 | 1.90 | 0.19 | 0.04 | -1.75 |
| 2020 | 2.04 | 0.02 | 1.65 | -4.26 |
| 2021 | 4.30 | 0.40 | 1.02 | -3.65 |
| 2022 | 1.62 | 0.16 | 0.05 | -2.44 |
| 2023 | 4.24 | 3.02 | 1.52 | 0.08 |

Највисок просечен број на вработени во редовен работен однос имало во Канал 77 – 22 лица. Седум лица помалку, односно 15 вработени имало во Антена 5, девет лица во Метрополис и 11 во Јон.

Слика 37: Број на вработени во радиостаниците на државно ниво



# РАДИОСТАНИЦИ НА РЕГИОНАЛНО НИВО

Во текот на 2023 година, програма на регионално ниво емитуваа 16 радиостаници. Во Анализата се прикажани податоците за работењето на 15 од нив, поради тоа што во периодот кога се прибираа податоците за економското работење, дозволата за радио емитување на РА Лидер веќе беше одземена од страна на Агенцијата, па не се обезбедени податоци за работењето на оваа радиостаница.

Приходите кои заедно ги оствариле 15-те радиостаници изнесувале 57,7 милиони денари.

Слика 38: Движење на вкупните приходи на регионалните радиостаници во периодот од 2018 до 2023 година




43% од вкупните приходи ги оствариле само две радиостаници – Буба Мара (15,86 милиони денари) и Спортско радио 90,3 ФМ (9,17 милиони денари). Најниски приходи прикажале Роса АБ (0,28 милиони денари) и РФМ (0,23 милиони денари).

Само шест радиостаници оствариле повисоки приходи во однос на 2022 година, и тоа: Буба Мара (1,16 милиони повеќе), Зона М-1 (0,10 милиони повеќе), Клуб ФМ (0,76 милиони повеќе), Лајф ФМ (0,16 милиони повеќе), Скај (0,79 милиони повеќе) и Џез (0,47 милиони повеќе).

Во табелата подолу се претставени податоците за вкупните приходи на секоја регионална радиостаница во периодот од 2018 до 2023 година.

Табела 34: Вкупни приходи на регионалните радиостаници во последните шест години

| радиостаница | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| РА 99 | 3.59 | 0.45 | 0.84 | 1.47 | 1.43 | 0.40 |
| РА Буба Мара | 7.02 | 7.79 | 13.35 | 10.41 | 14.70 | 15.86 |
| РА Ват | 5.84 | 4.56 | 4.63 | 5.13 | 4.44 | 4.09 |
| РА Зона М-1 | 0.86 | 0.76 | 1.27 | 1.85 | 0.79 | 0.89 |
| РА Урбан | 2.36 | 1.75 | 1.97 | 1.97 | 1.20 | 0.74 |
| РА Клуб ФМ | 2.29 | 2.46 | 2.85 | 2.33 | 2.44 | 3.20 |
| РА Лајф ФМ | 4.18 | 3.67 | 4.69 | 2.67 | 2.82 | 2.98 |
| РА Роса АБ | 1.69 | 1.63 | 2.01 | 1.60 | 0.95 | 0.28 |
| РА РФМ | 0.53 | 0.07 | 0.18 | 0.34 | 0.42 | 0.23 |
| РА Сити | 3.65 | 4.48 | 6.18 | 5.66 | 5.30 | 5.07 |
| РА Скај | 1.53 | 2.08 | 2.83 | 4.17 | 5.06 | 5.85 |
| РА Спортско 90,3 ФМ | 7.85 | 8.17 | 7.00 | 8.56 | 9.23 | 9.17 |
| Универзитетско радио Студент ФМ 92.9 | 2.06 | 3.22 | 4.00 | 4.07 | 3.84 | 2.40 |
| РА Фортуна | 4.91 | 4.82 | 5.27 | 5.73 | 6.02 | 5.49 |
| РА Џез ФМ | 0.56 | 0.64 | 2.21 | 0.71 | 0.58 | 1.05 |

Најголемо учество во структурата на приходите во 2023 година имале приходите од реклами (81%, односно 46,95 милиони денари).

Табела 35: Структура на приходите на регионалните радиостаници во 2023 година

| | износ | учество |
|---|---|---|
| Реклами и телешопинг | 46.95 | 81.37% |
| Спонзорства | 1.31 | 2.27% |
| Продажба на содржини | 0.00 | 0.00% |
| Приходи обезбедени од трети страни | 5.04 | 8.73% |
| Останати приходи | 3.99 | 6.92% |
| **Приходи од основна дејност** | **57.29** | **99.29%** |
| Приходи од други дејности | 0.00 | 0.00% |
| Вонредни приходи | 0.41 | 0.71% |
| **Вкупни приходи** | **57.70** | **100.00%** |

Највисоки приходи од реклами оствариле Буба Мара (9,78 милиони денари) и Спортско радио 90,3 ФМ (7,76 милиони денари). Овие, заедно со приходите од рекламирање на уште три регионални радиостаници – Скај (5,85 милиони денари), Фортуна (5,49 милиони

денари) и Сити (5,02 милиони денари), сочинуваат 72% од вкупните приходи од реклами на сите регионални радиостаници.

Слика 39: Приходи од реклами на регионалните комерцијални радиостаници во 2023 година




Приходите од спонзорства, во висина од 1,31 милион денари, ги оствариле радиостаниците Буба Мара и Спортско радио 90,3 ФМ.

Средствата кои регионалните радиостаници заедно ги потрошиле изнесувале 55,75 милиони денари. Во периодот од последните шест години, заедничките трошоци бележат наизменичен раст и пад, достигнувајќи највисок износ во 2022 година (57,81 милион денари), а најнизок во 2019 година (47,53 милиони денари, односно 10,28 милиони денари помалку од 2022).

Слика 40: Движење на вкупните трошоци на регионалните радиостаници
во периодот од 2018 до 2023 година




Речиси 40% од вкупните трошоци ги направиле Буба Мара (12,44 милиони денари) и Спортското радио 90,3 ФМ (9,12 милиони денари).

Директните трошоци за создавање програма имале најголемо учество во структурата на трошоците – 72%. Најголем дел од нив (66%, односно 26,36 милиони денари) биле потрошени за плати на лицата кои биле директно поврзани со производство на програмата. Најмногу за плати и надоместоци за овие лица потрошило Спортското радио 90,3 ФМ – 5,36 милиони денари.

Табела 36: Структура на вкупните трошоци на регионалните радиостаници

| | износ | учество |
|---|---|---|
| Материјални трошоци | 3.67 | 6.58% |
| Трошоци за набавка на програма | 3.90 | 7.00% |
| Нематеријални трошоци (услуги) | 6.10 | 10.94% |
| Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма | 26.36 | 47.28% |
| **Директни трошоци за создавање на програмата** | **40.03** | **71.80%** |
| Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма | 4.75 | 8.53% |
| Амортизација на опремата | 1.68 | 3.01% |
| Амортизација на права и лиценци | 0.10 | 0.18% |
| Кирии и останати режиски трошоци | 2.76 | 4.95% |
| Сите останати неопфатени трошоци од работењето | 6.34 | 11.37% |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **55.66** | **99.84%** |
| Расходи од други активности | 0.06 | 0.11% |
| Вонредни расходи | 0.03 | 0.05% |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **55.75** | **100.00%** |

Ако се земат предвид вкупните средства потрошени за плати за лицата кои се директно поврзани и лицата кои не се директно поврзани со производство на програмата, тогаш највисок износ потрошила РА Буба Мара (7,19 милиони денари). Освен оваа радиостаница, средства за плати на лицата кои не се директно поврзани со производство на програмата издвоиле и РА Лајф и РА Скај.

Само шест радиостаници издвоиле средства за набавка на содржини во 2023 година – Буба Мара, Клуб ФМ, Сити, Спортско радио 90,3 ФМ, Фортуна и Џез ФМ.

Седум радиостаници ја завршиле годината со добивка (вкупен износ од 6,29 милиони денари), а седум прикажале загуба (вкупен износ од 5,29 милиони денари). Најголема добивка остварила Буба Мара (3,05 милиони денари), а најголема загуба имала Урбан ФМ (2,48 милиони денари).

Слика 41: Финансиски резултат од работењето на регионалните радиостаници во 2023 година




Просечниот број на вработени во редовен работен однос се зголемил за 14 лица во однос на 2022 година и изнесувал 62 лица.

Табела 37: Просечен број на вработени во регионалните радиостаници во периодот од 2021 до 2023 година

| радиостаница | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|
| РА 99 | 1 | 1 | 2 |
| РА Буба Мара | 6 | 6 | 6 |
| РА Ват | 3 | 4 | 5 |
| РА Зона М-1 | 1 | 1 | 1 |
| РА Урбан | 3 | 3 | 4 |
| РА Клуб ФМ | 5 | 5 | 5 |
| РА Лајф ФМ | 4 | 4 | 3 |
| РА Роса АБ | 3 | 2 | 3 |
| РА РФМ | н.п. | н.п. | 5 |
| РА Сити | 6 | 5 | 5 |
| РА Скај | 4 | 4 | 4 |
| РА Спортско радио 90,3 | 6 | 7 | 7 |
| РА Студент ФМ 92.9 | 0 | 0 | 7 |
| РА Фортуна | 5 | 5 | 5 |
| РА Џез ФМ | 1 | 1 | н.п. |

# РАДИОСТАНИЦИ НА ЛОКАЛНО НИВО

Вкупните приходи на локалните радиостаници изнесувале 41,30 милиони денари - само 2% повеќе во однос на 2022 година. На почетокот од 2023 година дозвола да емитуваат програма на локално ниво имаа 44 радија, но во јануари истата година од дозволата се откажа Скај Радио Плус од Берово, а во првиот квартал од 2024 година престанаа да важат и дозволите на радиостаниците Чоки од Прилеп, Зора од Делчево и Ускана плус од Кичево, поради што овие три субјекти не доставија до Агенцијата податоци за нивното работење во 2023 година. Агенцијата не располага ниту со податоци за работењето на РА Про-ФМ од Гостивар затоа што радиодифузерот, до моментот на изработка на оваа Анализа, не ја исполни обврската за транспарентност во работењето и не ги достави до регулаторот податоците за економските перформанси во анализираната година, но учеството на приходите на оваа радиостаница во претходните години е многу мало, на пример во претходната година изнесувало само 0,77%.

Слика 42: Движење на вкупните приходи на локалните радиостаници во периодот од 2018 до 2023 година




РА Кавадарци успеала да оствари најмногу приходи од комерцијалните радија (2,90 милиони денари), но сепак значително помалку отколку што остварила во 2022 година (5,07 милиони денари).

Освен кај ова радио, вкупните приходи во однос на 2022 година се пониски кај уште девет други радија - РА Свети Николе, РА Балкан ФМ, РА Ррапи, РА Б-97, РА Супер, РА Валандово, РА Мерак 5 ФМ, РА Акорд и непрофитното РА Марија Благовест.

Најголем пораст на вкупните приходи во споредба со претходната година имало кај РА Плус Форте (еден милион денари повеќе) и кај РА 7 (0,95 милиони денари повеќе).

Табела 38: Вкупни приходи и приходи од реклами на локалните комерцијални радиостаници

| РА | Вкупни приходи | Приходи од реклами | РА | Вкупни приходи | Приходи од реклами |
|---|---|---|---|---|---|
| РА Кавадарци | 2,90 | 2,09 | РА Кисс | 0,89 | 0,51 |
| РА Експрес | 2,52 | 2,51 | РА Ррапи | 0,82 | 0,82 |
| РА 7 | 2,42 | 0,31 | РА Свети Николе | 0,81 | 0,66 |
| РА Енџелс ФМ | 2,00 | 1,91 | РА Комета | 0,80 | 0,79 |
| РА Супер | 1,93 | 1,93 | РА Голди | 0,78 | 0,78 |
| РА Бум | 1,92 | 1,25 | РА Модеа | 0,59 | 0,32 |
| РА Холидеј | 1,83 | 1,83 | РА Јехона ФМ | 0,55 | 0,52 |
| РА Плус Форте | 1,64 | 0,77 | РА Ла Коста | 0,52 | 0,52 |
| РА Кочани ФМ | 1,53 | 1,53 | РА Ред ФМ | 0,49 | 0,49 |
| РА Блета | 1,53 | 0,76 | РА Еко | 0,44 | 0,43 |
| РА Тајм | 1,51 | 1,50 | РА Валандово | 0,38 | 0,38 |
| РА Хит | 1,36 | 1,36 | РА Мерак 5 ФМ | 0,30 | 0,30 |
| РА 106 | 1,33 | 1,32 | РА Б-97 | 0,27 | 0,23 |
| РА Плеј | 1,24 | 1,24 | РА Акорд | 0,21 | 0,21 |
| РА Галакси | 1,20 | 1,09 | РА Медисон | 0,16 | 0,16 |
| РА Мефф | 1,08 | 1,08 | РА Александар Македонски | 0,13 | 0,09 |
| РА Пулс | 1,04 | 1,04 | РА Балкан ФМ | 0,12 | 0,12 |
| РА Пела | 1,01 | 0,74 | РА Импулс | 0,07 | 0,07 |

Продажбата на времето за рекламирање била доминантен извор на финансирање на локалниот радиски пазар. Поточно, од вкупно 41,30 милиони денари, 31,68 милиони биле остварени од реклами и телешопинг. Остатокот биле од спонзорства (3,09 милиони денари), од услуги обезбедени од трети страни (0,47 милиони денари), останати приходи (4,53 милиони денари), вонредни приходи (0,51 милион денари) и приходи од други дејности (1,02 милиони денари).

Табела 39: Структура на приходите на локалните радиостаници во 2023 година

| | износ | учество |
|---|---|---|
| Реклами и телешопинг | 31.68 | 76.71% |
| Спонзорства | 3.09 | 7.48% |
| Продажба на содржини | 0.00 | 0.00% |
| Приходи обезбедени од трети страни | 0.47 | 1.14% |
| Останати приходи | 4.53 | 10.97% |
| **Приходи од основна дејност** | **39.77** | **96.30%** |
| Приходи од други дејности | 1.02 | 2.47% |
| Вонредни приходи | 0.51 | 1.23% |
| **Вкупни приходи** | **41.30** | **100.00%** |

За 17 радиостаници рекламирањето било единствен, а за останатите било главен извор на приходи. Продажбата на времето за реклами не била главен извор на приходи само кај Радио 7. Најголем дел од приходите ова радио ги остварило од спонзорства (87%), а од реклами биле само 13%.

Највисоки приходи од реклами оствариле РА Експрес и РА Кавадарци (2,51 односно 2,09 милиони денари).

Во подрачјето на Прилеп и Гостивар има приближно ист број на активни деловни субјекти, но двете локални радија кои емитуваат програма во Прилеп (Мефф и Холидеј) оствариле три пати повисоки приходи отколку двете радија во Гостивар (Комета и Балкан ФМ)[6].

Слична е состојбата и со приходите на радиостаниците во Велес и Кавадарци. И во двете локални подрачја има ист број на радиостаници и речиси ист број на деловни субјекти, но сепак разликата во остварените приходи на радијата е значителна. Односно, РА Галакси и РА Кавадарци заедно оствариле околу четири пати повеќе приходи од РА Голди и РА Мерак 5 ФМ.

[6] На подрачјето на Гостивар програма емитува и РА Про-ФМ, но овој радиодифузер не достави до Агенцијата податоци за неговото економско работење во 2023 година

Табела 40: Број на население, активни деловни субјекти и вкупни приходи на локалните комерцијални радиостаници (според локално подрачје)

| Локално подрачје | население | активни деловни субјекти | број на РА | Вкупни приходи |
|---|---|---|---|---|
| Куманово | 98,104 | 3,010 | 2 (Бум, Јехона) | 2,47 |
| Битола | 85,164 | 3,556 | 2 (106, Б-97) | 1,60 |
| Тетово | 84,770 | 3,699 | 5 (Блета, Кисс, Плус Форте, РА 7, Ред ФМ) | 6,97 |
| Прилеп | 69,025 | 2,556 | 2 (Мефф, Холидеј) | 2,91 |
| Гостивар | 59,770 | 2,502 | 3 (Комета, Про ФМ, Балкан) | 0,92 |
| Охрид | 51,428 | 2,541 | 1 (Супер) | 1,93 |
| Струга | 50,980 | 2,080 | 2 (Плеј, Ррапи) | 2,06 |
| Струмица | 49,995 | 2,303 | 2 (Експрес, Хит) | 3,88 |
| Велес | 48,463 | 1,679 | 2 (Голди, Мерак 5 ФМ) | 1,08 |
| Штип | 44,866 | 1,783 | 1 (Енџелс) | 2,00 |
| Кичево | 39,669 | 1,418 | 3 (Александар Македонски, Акорд, Медисон) | 0,50 |
| Кавадарци | 35,733 | 1,629 | 2 (Галакси, Кавадарци) | 4,10 |
| Кочани | 31,602 | 1,309 | 1 (Кочани ФМ) | 1,53 |
| Гевгелија | 21,582 | 1,143 | 1 (Тајм) | 1,51 |
| Свети Николе | 15,320 | 734 | 2 (Модеа, Свети Николе) | 1,4 |
| Неготино | 18,194 | 729 | 1 (Пулс) | 1,04 |
| Виница | 14,475 | 494 | 1 (Ла Коста) | 0,52 |
| Пробиштип | 13,417 | 419 | 1 (Еко) | 0,44 |
| Валандово | 10,508 | 330 | 1 (РА Валандово) | 0,38 |
| Ново Село | 6,972 | 191 | 1 (Импулс) | 0,07 |
| Кривогаштани | 5,167 | 117 | 1 (Пела) | 1,01 |

Средствата кои заедно ги потрошиле локалните радиостаници изнесувале 43,33 милиони денари. Во последните шест години, повисоки трошоци отколку во 2023 година биле потрошени само во 2019 година.

Слика 43: Движење на вкупните трошоци на локалните радиостаници
во периодот од 2018 до 2023 година




Највисоки трошоци прикажале РА Супер (2,67 милиони денари) и РА Кавадарци (2,65 милиони денари).

Најголем дел од вкупните трошоци биле директни трошоци наменети за создавање на програмата (74,22%, односно 32,16 милиони денари). Од категориите кои нив ги сочинуваат, т.е. материјалните трошоци, нематеријалните, трошоците за набавка на содржини и трошоците за плати и надоместоци на лицата кои се директно поврзани со производство на програмата, овие последните имале најголем удел.

Табела 41: Структура на вкупните трошоци на локалните радиостаници

| | износ | учество |
|---|---|---|
| Материјални трошоци | 6.02 | 13.89% |
| Трошоци за набавка на програма | 0.38 | 0.88% |
| Нематеријални трошоци (услуги) | 2.86 | 6.60% |
| Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма | 22.90 | 52.85% |
| **Директни трошоци за создавање на програмата** | **32.16** | **74.22%** |
| Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма | 2.02 | 4.66% |
| Амортизација на опремата | 0.99 | 2.28% |
| Амортизација на права и лиценци | 0.00 | 0.00% |
| Кирии и останати режиски трошоци | 0.97 | 2.24% |
| Сите останати неопфатени трошоци од работењето | 6.76 | 15.60% |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **42.90** | **99.00%** |
| Расходи од други активности | 0.25 | 0.58% |
| Вонредни расходи | 0.18 | 0.42% |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **43.33** | **100.00%** |

Радиостаниците Укло ФМ, Супер и Енџелс ФМ се трите радија кои потрошиле најмногу за плати и надоместоци на лицата директно поврзани со производство на програмата. Од 39 локални радиостаници, трошоци за плати на лицата кои не се поврзани со производство на програмата имале само РА 106, РА Холидеј, РА Блета, РА Галакси, РА Јехона и РА Балкан.

Заедничкиот финансиски резултат на крајот од годината бил добивка од 0,29 милиони денари. Со загуба работеле девет радиостаници, а најголема била загубата на РА Б-97 во износ од 0,81 милион денари. Најголема добивка, во висина од 0,56 милиони денари, успеало да оствари Радио 7.

Слика 44: Финансиски резултат од работењето на локалните радиостаници во периодот од 2018 до 2023 година




Просечниот број на вработени во редовен работен однос се намалил за шест лица и во 2023 година изнесувал 70 лица. Највисок просечен број на вработени (по четири лица) имале РА Супер, РА Експрес, РА Енџелс ФМ и универзитетското радио УГД ФМ. Четири радиостаници имале по три лица, 12 по две лица и 18 по едно лице во редовен работен однос.

Табела 42: Просечен број на вработени во редовен работен однос во локалните радиостаници

| радиостаница | просечен број на вработени во рро | радиостаница | просечен број на вработени во рро |
|---|---|---|---|
| РА 106 | 3 | РА Мефф | 1 |
| РА Б-97 | 1 | РА Холидеј | 2 |
| УКЛО ФМ | 3 | РА Пела | 2 |
| РА Валандово | 1 | РА Еко | 1 |
| РА Голди | н.п. | РА Модеа | 1 |
| РА Мерак 5 ФМ | 1 | РА Свети Николе | 1 |
| РА Ла Коста | 2 | РА Плеј | 2 |
| РА Комета | 1 | РА Ррапи | 1 |
| РА Александар Македонски | 1 | РА Експрес | 4 |
| РА Балкан ФМ | 1 | РА Хит | 2 |
| РА Тајм | 3 | РА Блета | 2 |
| РА Галакси-2002 | 2 | РА Кисс | 2 |
| РА Кавадарци | 2 | РА Плус Форте | 1 |
| РА Акорд | 1 | РА 7 | 2 |
| РА Медисон | 1 | РА Ред ФМ | 2 |
| РА Кочани ФМ | 3 | РА Енџелс ФМ | 4 |
| РА Бум | 1 | УГД ФМ | 4 |
| РА Јехона | 1 | РА Марија Благовест | 2 |
| РА Пулс | 1 | РА Импулс | 1 |
| РА Супер | 4 | | |

## ПРЕГЛЕД НА ТАБЕЛИ


Табела 1: Клучни наоди ....... 6
Табела 2: Финансиски резултат од работењето во последните шест години ....... 9
Табела 3: Финансирање на МРТ од 2017 до 2023 година ....... 12
Табела 4: Структура на вкупните приходи на МРТ во 2023 година ....... 15
Табела 5: Структура на вкупните трошоци на МРТ во периодот од 2018 до 2023 година ....... 16
Табела 6: Вкупни приходи на терестријалните телевизии на државно ниво во периодот од 2018 до 2023 година ....... 19
Табела 7: Структура на вкупните приходи на терестријалните телевизии на државно ниво ....... 20
Табела 8: Структура на вкупните трошоци на терестријалните телевизии на државно ниво ....... 23
Табела 9: Финансиски резултат од работењето на терестријалните телевизии на државно ниво во последните шест години ....... 24
Табела 10: Просечен број на вработени во редовен работен однос кај терестријалните телевизии на државно ниво во последните три години ....... 25
Табела 11: Структура на вкупните приходи на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс ....... 28
Табела 12: Приходи од рекламирање на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс ....... 29
Табела 13: Вкупни трошоци на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс ....... 30
Табела 14: Структура на вкупните трошоци на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс ....... 30
Табела 15: Финансиски резултат од работењето на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во последните шест години ....... 32
Табела 16: Просечен број на вработени во редовен работен однос кај телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во последните три години ....... 33
Табела 17: Вкупни приходи на регионалните телевизии во периодот од 2018 до 2023 година ....... 36
Табела 18: Број на население, активни деловни субјекти и вкупни приходи (по радиодифузни региони) ....... 36
Табела 19: Поединечни вкупни приходи на регионалните телевизии во периодот од 2018 до 2023 година ....... 37
Табела 20: Структура на вкупните приходи на регионалните телевизии ....... 37
Табела 21: Структура на трошоците на регионалните телевизии ....... 39
Табела 22: Финансиски резултат од работењето на регионалните телевизии во 2023 година ....... 40
Табела 23: Просечен број на вработени во регионалните телевизии во последните три години ....... 40
Табела 24: Број на население, активни деловни субјекти и вкупни приходи (по локални подрачја) ....... 43
Табела 25: Поединечни вкупни приходи на локалните телевизии во периодот од 2018 до 2023 година ....... 43
Табела 26: Структура на вкупните приходи на локалните телевизии ....... 44
Табела 27: Структура на вкупните трошоци на локалните телевизии ....... 45
Табела 28: Финансиски резултат од работењето на локалните телевизии во 2023 година ....... 47
Табела 29: Просечен број на вработени во локалните телевизии во последните три години ....... 47
Табела 30: Поединечни приходи на радиостаниците на државно ниво во последните шест години ....... 48
Табела 31: Структура на приходите кај радијата на државно ниво ....... 49
Табела 32: Структура на вкупните трошоци на радиостаниците на државно ниво ....... 51
Табела 33: Финансиски резултат од работењето на радиостаниците на државно ниво во периодот од 2018 до 2023 година ....... 52
Табела 34: Вкупни приходи на регионалните радиостаници во последните шест години ....... 54
Табела 35: Структура на приходите на регионалните радиостаници во 2023 година ....... 54
Табела 36: Структура на вкупните трошоци на регионалните радиостаници ....... 56
Табела 37: Просечен број на вработени во регионалните радиостаници во периодот од 2021 до 2023 година ....... 58
Табела 38: Вкупни приходи и приходи од реклами на локалните комерцијални радиостаници ....... 60
Табела 39: Структура на приходите на локалните радиостаници во 2023 година ....... 61
Табела 40: Број на население, активни деловни субјекти и вкупни приходи на локалните комерцијални радиостаници (според локално подрачје) ....... 62
Табела 41: Структура на вкупните трошоци на локалните радиостаници ....... 63
Табела 42: Просечен број на вработени во редовен работен однос во локалните радиостаници ....... 65

## ПРЕГЛЕД НА СЛИКИ

Слика 1: Вкупни приходи во индустријата ....6
Слика 2: Движење на вкупните приходи на јавниот сервис и на комерцијалните радиодифузери во последните шест години ....7
Слика 3: Движење на приходите од реклами на јавниот сервис и на комерцијалните радиодифузери во последните шест години ....8
Слика 4: Движење на вкупните трошоци на јавниот сервис и на комерцијалните радиодифузери во последните шест години ....9
Слика 5: Вкупен износ на предвидени средства за финансирање на МРТ според ЗААВМУ и на исплатени средства во периодот од 2018 заклучно со 2023 година ....13
Слика 6: Предвидени средства за финансирање на МРТ според ЗААВМУ и на исплатените средства во периодот од 2018 заклучно со 2023 година ....14
Слика 7: Исплатени средства за финансирање на МРТ од државниот буџет во периодот од 2018 заклучно со 2023 година ....14
Слика 8: Вкупни приходи на МРТ во периодот од 2018 до 2023 година ....15
Слика 9: Приходи од рекламирање на МРТ во периодот од 2018 до 2023 година ....16
Слика 10: Заеднички вкупни приходи и вкупни трошоци на терестријалните телевизии на државно ниво ....18
Слика 11: Вкупни приходи и вкупни трошоци на терестријалните телевизии на државно ниво ....18
Слика 12: Движење на вкупните приходи на терестријалните телевизии на државно ниво во периодот од 2018 до 2023 година ....19
Слика 13: Приходи од рекламирање (без ППР) на терестријалните телевизии на државно ниво во периодот од 2018 до 2023 година ....20
Слика 14: Приходи од рекламирање (без ППР) на терестријалните телевизии на државно ниво во периодот од 2018 до 2023 година ....21
Слика 15: Учество во приходите од рекламирање ....21
Слика 16: Вкупни трошоци на терестријалните телевизии на државно ниво во периодот од 2018 до 2023 година ....22
Слика 17: Трошоци за набака на програма на терестријалните телевизии на државно ниво во последните три години ....23
Слика 18: Трошоци за плати и други надоместоци за вработените на терестријалните телевизии на државно ниво во последните три години ....24
Слика 19: Заеднички вкупни приходи и вкупни трошоци на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во периодот од 2018 до 2023 година ....26
Слика 20: Движење на вкупните приходи на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во периодот од 2018 до 2023 година ....27
Слика 21: Вкупни приходи и приходи од рекламирање на 6-те телевизии на државно ниво преку неограничен ресурс во периодот од 2018 до 2023 година ....28
Слика 22: Вкупни приходи и приходи од реклами на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во 2023 година ....29
Слика 23: Трошоци за плати и други надоместоци за вработените во телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во последните три години ....31
Слика 24: Трошоци за набавка на програма во телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во последните три години ....32
Слика 25: Движење на вкупните приходи и вкупните трошоци на регионалните телевизии во периодот од 2018 до 2023 година ....34
Слика 26: Вкупни приходи по радиодифузни региони ....35
Слика 27: Вкупни приходи и приходи од реклами на регионалните телевизии во 2023 година ....38
Слика 28: Финансиски резултат од работењето на регионалните телевизии во последните шест години ....39
Слика 29: Подрачја на телевизиско емитување на локално ниво и вкупни приходи на локалните телевизии ...41
Слика 30: Движење на вкупните приходи и вкупните трошоци на локалните телевизии во периодот од 2018 до 2023 година ....42
Слика 31: Вкупни приходи и приходи од реклами на локалните телевизии во 2023 година ....44
Слика 32: Директни трошоци за создавање програма и трошоци за плати на вработените во локалните телевизии во 2023 година ....46
Слика 33: Финансиски резултат од работењето на локалните телевизии во последните шест години ....46

Слика 34: Движење на вкупните приходи на радиостаниците на државно ниво во периодот од 2018 до 2023 година.....48
Слика 35: Движење на приходите од реклами на радиостаниците на државно ниво во периодот од 2018 до 2023 година.....49
Слика 36: Движење на вкупните трошоци на радиостаниците на државно ниво во периодот од 2018 до 2023 година.....50
Слика 37: Број на вработени во радиостаниците на државно ниво.....52
Слика 38: Движење на вкупните приходи на регионалните радиостаници во периодот од 2018 до 2023 година.....53
Слика 39: Приходи од реклами на регионалните комерцијални радиостаници во 2023 година.....55
Слика 40: Движење на вкупните трошоци на регионалните радиостаници во периодот од 2018 до 2023 година.....56
Слика 41: Финансиски резултат од работењето на регионалните радиостаници во 2023 година.....57
Слика 42: Движење на вкупните приходи на локалните радиостаници во периодот од 2018 до 2023 година.....59
Слика 43: Движење на вкупните трошоци на локалните радиостаници во периодот од 2018 до 2023 година.....63
Слика 44: Финансиски резултат од работењето на локалните радиостаници во периодот од 2018 до 2023 година.....64